| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | Република Северна Македонија, Факултет за правни и политички науки, Американски Универзитет на Европа – ФОН Скопје |
| **Седиште** | Бул. Киро Глигоров бр.5, 1000 Скопје, Република Северна Македонија |
| **Контакт информации** | info@fon.edu.mkтел. 070 345 999 |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. д-р Сејдефа Џафче, Декан, sejdefa.dzavche@fon.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. д-р Татијана Ашталкоска-Балоска, tatijana.ashtalkoska@fon.edu.mk |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>■Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | 2022-2024 |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | Бр. 23 – 290/ 3 од 12.03.2025 |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација** | НЕ |

Скопје, 23.04.2025

Декан

Проф. д-р СејдефаЏафче

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Факултет за правни и политички науки, АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА – ФОН, СКОПЈЕ |
| Седиште | Бул. Киро Глигоров бр.5, 1000 Скопје<br>Република Северна Македонија |
| Веб страница | Факултет за правни и политички науки, АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА – ФОН, СКОПЈЕ (линк) |
| Мисија и визија на установата | Мисијата на Факултет за правни и политички науки е да едуцира квалитетни кадри од областа на правотои да развива научноистражувачката работа како важен аспект за обезбедување квалитетен и ефикасен наставно-образовен процес.Неговата визија е развивање систем на знаења што коренспондира со европските и светските високообразовни стандарди;едуцирање кадар согласно потребите на македонскиот правосуден систем во процесот на неговото функционирање и потребата од надоградување, потребите на интегративните процеси во рамките на меѓународната заедница; како и развивање на научноистражувачката работа и нејзина примена во наставно-образовниот процес и во решавањето на конкретните и развојните проблеми.<br>Стратешки цели на Факултетот:<br>-Воведување и спроведување на нови студиски програми кои се во согласност со потребите на пазарот на трудот;<br><br>-Воведување на концептот за доживотно учење;<br><br>-Воведување на можсноста за учење на далечина;<br><br>-Афирмација на клиничката настава;<br><br>-Доделување на стипендии за студирање со цел надминување на проблемите од социоекономска природа и вклучување на ранливите категории во високообразовниот процес;<br><br>-Вклучување на студентите во работните тела на Факултетот;<br><br>-Креирање на правичен систем за наградување на најупешните студенти;<br><br>-Креирање на методологија со која ќе се следи понатамошниот развој на дипломираните студени и стапката на нивна вработеност;<br><br>-Зголемување на достапноста на изворите за учење (издавање/набавување на нови учебни помагала и достапност на учебници во електронска форма),<br><br>-Градење на систем и механизам за осигурување на квалитет;<br><br>-Спроведување на Годишната програма за работа на Факултетот. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Приватна |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, | прв циклус студии:<br>- Политички науки |

| | |
|---|---|
| втор и трет циклус на студии | (Дипломиран политиколог<br>Bachelorinpoliticalscience)<br>**- решение бр. 08-138/9 од 09.09.2022 (линк)(линк)**<br>- Правни студии<br>(Дипломиран правник<br>BachelorofLaws (LLB))<br>**- решение бр. 08-139/9 од 09.09.2022 (линк)** (линк)<br><br>втор циклус стручни студии – специјалистички (линк)<br>- Деловно право (Специјалист од областа на деловно право)<br>- **решение бр. 1409-228/9 од 21.12.2020**<br><br>- Граѓанско право (Специјалист од областа на граѓанско право)<br>**- решение бр. 1409-226/13 од 21.12.2020**<br><br>- Казнено право (специјалист од oблласта на казеното право)<br>**- решение бр. 1409-227/12 од 23.09.2020**<br><br>- Политички науки<br>(Специјалист по политички науки)<br>**- решение бр. 1409-231/10 од 16.12.2020**<br><br>втор циклус на академски студии – постдипломски студии (линк)<br>- Политички науки<br>(Магистер по политички науки<br>Masterofpoliticalscience)<br>**- решение бр. 08-136/6 од 06.06.2022**<br>- Деловно право (Магистер по правни науки од областа на деловното право)<br>**- решение 1409-229/10 од 21.12.2020**<br><br>- Граѓанско право (Магистер по правни науки од областа на граѓанското право)<br>**-решение бр. 1409-226/12 од 21.12.2020**<br><br>- Казнено право (Магистер по правни науки од областа на казненото право)<br>**- решение бр. 1409-227/13 од 23.09.2020**<br><br>- Напредни последипломски студии за интеграции во Европска унија (заеднички последипломски студии во соработка со Меѓународниот центар за Европско образование – МЦЕО, Ница)<br>**- решение 1409-306/6 од 26.01.2021** |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | Факултетот за правни и политички науки (во учебната 2023/2024)својата дејност јаизвршува со 2 професори емеритус, 8 редовни професори, 2 вонредни професори и 2демонстартори. Покрај наставниците од Факултетот за правни и политички науки, во наставата во тековниот период беа ангажирани 12 наставници од другите факултети при АУЕ-ФОН Универзитетот. |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | 90 студенти – вкупно од кои 23 на прв циклус правни студии и 67 на втор циклус на студии |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Факултетот за правни и политички науки е основан и почна со работа во учебната 2005/06 година во рамките на Европски Универзитет, (со решение на Одборот за Акредитација на Високото образвание од 03.06.2005г) којшто помина низ повеќе развојни фази, спроведувајќи неколку позначајни реформски активности во |

| | |
|---|---|
| | функција на квалитативното подобрување во вршењето на високообразовната дејност.<br>Како позначајни реформи во развојот на АУЕ-ФОН Универзитетот ги потенцираме следниве:<br>АУЕ-ФОН Универзитетот е правен следбеник на правата и обврските на високообразовната установа Европски универзитет која престана да постои по пат на статусна поделба на два посебни субјекти – високообразовни институции.<br>Со тоа на факултетите во состав на ФОН Универзитетот студиите ги продолжуваат студентите запишани во академската 2005/2006 и 2006/2007 година (кои студираат според правилата на Болоњскиот процес и ЕКТС), како и студентите кои студираат според програмата на Факултетот за општествени науки, запишани во академската 2003/2004 и 2004/2005 година.<br>Во 2007 година со решението за прифаќање и акредитација на „Првиот Приватен Универзитет-ФОН„ и „Првиот приватен Европски Универзитет и одлуката за поделба на Високообраовнатаинситутција Европски Универзитет, покрај други факултети, „Првиот Приватен Универзитет ФОН„ ги основа и Факултетот за правни наукии Факултетот за Политички науки и меѓународни односи со решение на Одборот за акредитација на Високото образовани број 6/12 од 14.03.2007 година.<br>Преземените активности и значајните реформи коишто се спроведени во ФОН Универзитетот во изминатиот период, имаат позитивно влијание врз подобрувањето на квалитетот и физиономирањето на наставните планови и програми на додипломските и последипломските студии на сите негови факултети.<br>Со отворањето на новиот Факултетот за правни науки во 2007 година, Универзитетот ја прошири својата наставно-образовна дејност со што се отворија широки перспективи за неговиот натамошен развој. Впрочем, тоа најдобро се потврди во изминатиот период, кога интересот за запишување, префрлување од други правни факултети и студирање беше најголем токму на овој Факултет.<br>Забележителни резултати се постигнати и на планот на техничкото опремување на Факултетот, што овозможува нормално и квалитетно спроведување на наставно-образовниот процес.<br>Во изминатиот период беа изработени и акредитирани нови посовремени студиски програми за додипломски, специјалистички и мастер студии.<br>Ваквата состојба претставува добра и сигурна основа врз којашто може да се потпре идниот развој на Факултетот.<br>Актуелно денес Факултетот за правни и политички науки е правен следбеник на Факултетот за правни науки и Факултетот за политички науки и дипломатија кој беше формиран врз основа на Спогодба за спојување на Факултетот за правни науки и Факултет за политички науки и дипломатија во состав на Првиот приватен универзитет ФОН, за која е добиено позитивното мислење од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и Решение за почеток со работа на Факултетот од страна на Министерството за образование и наука, УП1 14-755 од 16.05.2019 година. Во функционирање на Факултетот за правни и политички науки успешно и конструктивно се обеденети целите на двете научни подрачја. Студентите продолжија да се запишуваат на студиските програми на поменатите подрачја (правни и политичкки науки). |
| Кои се вашите клучни институционални | Наставната и научно-истражувачка дејност на Американскиот универзитет на Европа – ФОН се изведува на простор од 4427,3 м2 со 1451 места за седење. |

| | |
|---|---|
| капацитети? (не подолго од 1 страница) | Примена на информатички технологии:<br>- Достапен интеренет со WLAN и Wi-Fi Можност за приклучувањенасопственикомпјутеринастудентите, истовремено, наинформатичкамрежавозградата, волаборатории – 50 позиции.<br>- Ситепредавални и амфитеатрисеопременисоклупи и местазаседење, видеопрожектори и табли. Компјутери 64 Видеопрожектори 20 Интерактивнидисплеи (75"): 5 Принтери 10,1 Network Access Storage за споделени презентации и наставни материјали.<br>- За електронските сервиси, WEB апликацијата за внесување на Оценки за Студентите и електронскиот индекс на АУЕ-ФОН Универзитет наменети се два сервери од брендот „Dell" следнитеперформанси: 1. Processor: Quad-core or sixcore Intel® Xeon® processor 5500 series 2. Chipset Intel 5520 3. Memory1 (18 DIMM slots): 16GB DDR3 to 1333MHz 4. I/O slots 4 PCIe G2 slots 5. Hard drives 3.5" SAS (15K, 10K), nearline SAS OБ.1 (7.2K) 146GB, SATA (7.2K) 2TB 6. Power supply Two hot -plug, high - efficient 570W power supplies<br>- Дополнително во врска со другите сервиси како што се системот за електронското Учење, WEB странатана АУЕ-ФОН Универзитет, DNS сервисите и Data хостингот се наменети уште два сервери од брендот „Dell" соследните перформанси: 1. Processor: Quad -core or six - core Intel® Xeon® processor 5500 series 2. Chipset Intel 5520 3. Memory1 (18 DIMM slots): 32GB DDR3 to 1333MHz 4. I/O slots 4 PCIe G2 slots 5. Hard drives 3.5" SAS (15K, 10K), nearline SAS (7.2K) 146GB, SATA (7.2K) 4TB 6. Power supply Two hot -plug, high - efficient 570W power supplies. На овие Сервери имплементирана е Виртуализација преку Hyper -V платформата од Microsoft и инсталирани се повеќеод 10 - Hyper -V виртуелни сервери за кои е поставена активна Репликација на истите.<br>- Софтверското решение кое е имплементирано за потребите на службата за Студентски прашања е соодветно димензионирано софтверско решение кое е базирано на .Net платформата изработено како WEB апликација која ги опфаќа сите неопходни функционалности и можности за електронскиот индекс на студентите.<br>- WEB апликација е правена според сите безбедносни стандарди кои се имплементирани за безбедност на софтверот, односно го користи https:// протоколот. Нашиот Универзитет беше учесник во IKnow TEMPUS проектот врз основана који мплементиравме решение кое ги опфаќа следните функционалности: 1. (SCH) Модул за студиските програми и планови: Дефинирање на студентски програми, курсеви, услови и правила за студии; 2. (SAM) Модул за студентски активности: Упис во еден семестар и избор на курсеви, формирање групи; 3. (ADM) Модул за администрацијата: Администрација на факултети и акредитирани студиски програми, администрација на членови на факултет, администрација на училници, соби и лаборатории; 4. (ACR) Модул за администрација на академски резултати: Администрација на предмети, завршување на семестри, администрацијана остварени ЕКТС кредити и оценки од положени испити;<br>- Направен е фолдер на OneDrive и додадени се сите професори за споделување на материјали за учење<br>https://fonmk-my.sharepoint.com/:f:/g/personal/e_learning_fon_edu_mk/Eg2ts7X1vRdKhAgP-ftpwCYB_8nskjcp9ZFKMaO3QEFlgw?e=yusXrF<br>- Направен е систем за електронска форма за поднесување приговори, пофалби и предлози, како и за пријава на корупција и други не етички практики и исто така(studentskiglas@fon.edu.mk, |

| | |
|---|---|
| | poplaki@fon.edu.mk и pofalbi@fon.edu.mk)<br>- Креирана веб форма за апликација на кампањи за упис и финансиска поддршка<br>- Креирана веб форма за регистрација и пријавување на алумни.<br>- дигитализацијата на процесот на самоевалуација, кој опфаќа пополнување на анкетни прашалници од страна на студентите, за квалитетот на наставата, по наставен предмет на крајот на секој семестар<br>- дигитализацијата на процесот за евиденција на наставата и извештаи. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Најголем напредок е постигнат во стандардите 2, 5, 6 и 8.<br><br>Во однос на стандардот 2:<br>-во извештајниот период акредитирани се вкупно 13 студиски програми на Факултетот за правни и политички науки (на додипломски, специјалистички и магистерски студии). Сите студиски програмина Факултетот за правни и политички науки, при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН се разработени на база на континуирано следење и анализа на актуелните потреби на општеството,правосудниот систем, меѓународните односи и дипломатијата, како и на глобалните текови и промени кои се јавуваат во правото и политиката. Студиските програми се прилагодени на новите предизвици како иновациите, дигитализацијата и технолошкиот напредок, како и најновите трендови на факултети за правни и политички науки во глобални рамки, со цел подготовка на студентите во целост да одговорат на современите општествени потреби и да обезбедат квалитетно образование во согласност со националните законодавство и европските стандарди во областа на високото образование.<br>Во однос на стандардот 5 - Наставен кадар:<br>- Остварен континуиран напредок во објавувањето на трудови во реномирани научни списанија од странство од страна на кадарот на Факултетот.<br>- Реализиран позитивен тренд кај објавените трудови кои што подлежат на рецензија и кои се индексирани во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се Ebsco, Emerald, Scopus, Webof Science, JournalCitationReport, SCImagoJournalRank. Реализиран е напредок во однос на избор во повисоки звања на наставниот кадар.<br><br>Во однос на стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите:<br>-Направени се инвестиции во усовременување на технички помагала кои се користат во наставата како Видео-прожектории Интерактивни дисплеи<br>-Имплементиран систем е-Сервиси за студентите,<br>- индивидуална подршка на студентите како и развиен систем на инклузија на студенти со попреченост.<br>- активно вклучување на студентите во управувањето на установата изразено преку учество во управувањето на Факултетот, односно преку свои претставници учествуваат во работата наНаставно-научниот совет на Факултетот<br><br>Стандард 8 – управување со информации:<br>Факултетот за правни и политички во состав на Универзитетот редовно собира и анализира информации релевантни за реализација на студиските програми и активностите поврзани со студентите користејќи го електронскиот систем e-FON. Електронскиот систем е развиен од страна на Универзитетот со цел |

| | |
|---|---|
| | за прибирање, водење и користење на сите потребни податоци релевантни за студентите и студиските програми, како и увид на самите студенти во нивното студентско досие. |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | -справување со зголемена и делумно нелојална конкуренција;<br>-неповолни демографски трендови во земјата;<br>-неповолни имиграциски движења, особено нагласени кај младите луѓе;<br>- засилена промоција на странски универзитети за привлекување на македонски студенти;<br>-недоволна застапеност на приватните универзитети во креирањето на образовните политики и законодавство;<br>-отсуство на посериозна финансиска поддршка на науката;<br>-нефлексибилен и релативноспорсистем за акредитирањеи ре-акредитирање на студискитепрограми;<br>-недоволна отвореност на приватните фирми кон универзитетите за остварување потесна соработка со стопанството;<br>-ограничени можности за вработување на едуцираниот кадар поради неповолниот развој на националната економија;<br>Недоволен број на вработени кои објавуваат трудови во влијателни научни списанија и конференции и недоволна нивна цитираност;<br>- недоволна искористеност на постојните меѓународни<br>Договори за соработка за конкретни активности (мобилност на вработени и студенти, заеднички проекти, истражувања или организирање на заеднички или франшизни студии);<br>-отсуство на атрактивни програми за професионално и доживотно образование наменети за обуки и тренинзи на<br>вработени;<br>-недоволен број на библиографски единици од понов датум во библиотеката на Универзитетот;<br>-релатино мал број на научни списанија во библиотеката на АУЕ-ФОН Универзитетот;<br>-недоволна соработка со стопанството во едукативната и проектно-истражувачката сфера,<br>-скромно учество на Факултетот во меѓународни проекти;<br>- нестимулирање на научно-истражувачката работа на универзитетот и слаба вклученост на студентите во научни и истражувачки проекти;<br>- монопол на државите Универзитети;<br>- непостоење на фондови кои државата ги одвојува за приватните униветзитети;<br>- нееднаков третман на субјектите во високото образование од страна на државата; |

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ</th></tr>
<tr><th>ИНДИКАТОР</th><th>ДОКУМЕНТАЦИЈА</th></tr>
<tr><td>1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна.</td><td>Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за правни и политички науки во состав на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, Скопје континуирано превзема активности за обезбедување на квалитет, кои што вклучуваат различен спектар на активности од студентски анкети кои го оценуваат наставниот процес, преку дизајнирање на наставни програми кои ги следат трендовите на водечките факултети за правни и политички науки во светот и одговараат на потребите на македонскиот пазар на труд, па се доподобрување на научната дејност на наставниот кадар.<br><br>Факултетот за правни и политички науки во состав на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, Скопје ја регулира својата политика за обезбедување на квалите тсогласно Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот усвоен со одлука на Сенат (Прилог 1.1.А), политиката за обезбедување на квалитет (Прилог 1.1.Б) и стратегијата за обезбедување на квалитет на Универзитетот ( Прилог 1.1.В).Во нив седефинираницелите, процесите како и активностите кои што ќе се превземаат за нивно остварување, а се поврзани сопосветеноста на унапредување на наставнообразовниотпроцес, стручно-апликативнадејност, издавачка дејност, меѓународна соработка, кадровски, просторни и технички услови за работа и подобрување навидливоста и препознатливоста на факултетот.<br>Исто така Факултетот за правни и политички науки ја евалуира својата работа за обезбедување на квалите тсогласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.1.Г), Сл, весник 6 јули 2022.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>1.1.АПравилник за обезбедување на квалитет(линк до веб)<br>1.1.Б Политика за обезбедување на квалитет (линк до веб)<br>1.1.В Стратегија за обезбедување на квалитет (линкдо веб)<br>1.1.ГПравилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (линкдо веб)</td></tr>
<tr><td>1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности.</td><td>Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет.</td></tr>
<tr><td colspan="2">НаФакултетот за правни и политички наукиво состав наАмериканскиот Универзитет на Европа - ФОНСкопје, студентите редовно се вклучени во оценување на квалитетот на наставнообразовниотпроцес. Студентската анкета за евалуацијана квалитетот на наставата се реализира согласно моделот предложен од Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците наУниверзитетот, усвоено со одлука на Сенат (линк до веб).<br><br>Прибирањето на податоците се спроведува преку прашалник кој е во стандардизирана форма за сите факултети на Универзитетот и тој се дистрибуира до испитаниците, односно студентите во двата семестри на учебната година. Анкетирањето за секој предмет (задолжителен и изборен) се спроведува за студентите кои се запишани во прв и втор циклус од страна на Комисијата за самоевалуација со која студентите го оценуваа наставниот процес, квалитетот на наставата и останатите логистички услови на факултетот.<br>Во анкетата се опфатени наставниците кои изведуваат настава во соодветниот семестар (според распоредот на предметите по семестри за поеделните учебни години, а кои се вработени на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ-ФОН како и наставници од другите факултети во рамките на АУЕ-ФОН кои се анагажирани во</td></tr>
</table>

изведување на наставата на Факултетот. Анкетата го утврдува мислењето на студентите за следниве аспекти: 1) Наставникот/соработникот го пренесува наставниот материјал на јасен и разбирлив начин и квалитетно ја реализира наставата, 2) Наставникот/соработникот редовно ги одржува часовите и рационално го искористува времето, 3) Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен, 4) Постои интерактивност и можност за вклучување на студентите во наставата, 5) Наставникот/соработникот е достапен во определените термини за консултации, 6) Литературата/материјалот за учење и подготовка на колоквиумите/испитите навремено е достапна, 7) Поставените прашања на колоквиумите/испитите се соодветни со понудениот материјал за подготовка на колоквиумите/испитите, 8) Резултатите од колоквиумите/испитите навремено се објавуваат и се достапни за увид од страна на студентите.Секојодовиеаспекти е оценуван од страна на студентите на скала од 1до5 (1 означува незадоволителен, а 5 одличен), а потоа се прават следните пресметки: просечната оценка по поединечен аспект за секој член на наставниот кадар по семестри за конкретниот период; вкупен просек за сите анализирани аспекти по наставен кадар по семестри за набљудуваниот период; и вкупен просек по поодделни аспекти за целиот ангажиран наставенкадар кој учествувал во изведување на наставата на Факултетот за правни и политички науки по семестри за целиот период.
Комисијата за самоевалуација по прибирање на сите анкетни листови, пристапи кон анализа на одговорите на прашањата.

Во прилозите се дадени прашалникот од спроведените студентски анкети (прилог 1.2.А) за евалуација на квалитетот на наставата, како и деталните резултати на сите спроведени студентски анкети за учебните 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024години (прилозиод 1.2.Б до 1.2.Е).

На скалата од 1 (незадоволително) до 5 (одлично), во сите анкети од последните две години, просечната оцена на наставниот кадар е повисока од 4 за секој од набљудувани аспекти. Така на пример, во последната анкета која го опфаќа летниот семестар во учебната 2023/2024година, просечните оцени на студентите за секој од набљудуваните аспекти се следните: 4,35 Наставникот/соработникот го пренесува наставниот материјал на јасен и разбирлив начин и квалитетно ја реализира наставата, 4,13 Наставникот/соработникот редовно ги одржува часовите и рационално го искористува времето, 4,22 Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен, 4,46 Постои интерактивност и можност за вклучување на студентите во наставата, 4,42 Наставникот/соработникот е достапен во определените термини за консултации, 4,64 Литературата/материјалот за учење и подготовка на колоквиумите/испитите навремено е достапна, 4,43 Поставените прашања на колоквиумите/испитите се соодветни со понудениот материјал за подготовка на колоквиумите/испитите, 4,45 Резултатите од колоквиумите/испитите навремено се објавуваат и се достапни за увид од страна на студентите.

Прилози
1.2.А – Прашалник на студентска анкета
1.2.Б- Резултати од студентска анкета учебна 2020/2021
1.2.В- Резултати од студентска анкета учебна 2021/2022
1.2.Г- Резултати од студентска анкета зимски семестар учебна 2022/2023
1.2.Д Резултати од студентска анкета летен семестар учебна 2022/2023
1.2.Ѓ – Резултати од студентска анкета зимски семестар учебна 2023/2024
1.2.Е – Резултати од студентска анкета летен семестар учебна 2023/2024
1.2.Ж - Упатствотозасамоевалуација и обезбедување и оценувањенаквалитетотнаединицитенаУниверзитетот(линк до веб)

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Управата на установата е посветена на развојот и унапредувањето на квалитетот на образованието. Факултетот ги подобрува студиските програми, следејќи ги процесите на водечките светски институции од областа, како и потребите на македонската економија. Сите студиски програми на Факултетот се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија во Република Северна Македонија. Постапката за акредитација се спроведува редовно на секои пет години. Дополнително, процесот на самоевалуација на Факултетот ги определува заканите, можностите, слабостите и предностите и дава препораки за подобрување на квалитетот на институцијата во идниот
период, а управата на Факултетот ревносно работи на нивна реализација.

Вклучување на релевантни стејкхолдери при креирање на студиски програми
Факултетот поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. Како примери на поважни институционални форми со кои се обезбедува нивна вклученост можат да се наведат следните:
- студентите се редовно вклучени во оценување на квалитетот на наставно-образовниот процес, преку анкети, кои се реализираат почнувајќи од 2007 година;
- функционира Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат претставници на основачот и релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми, кој што дава мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и економијата;

Прилози
1.3А Одлука за формирање одбор за соработка и доверба со јавноста

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Факултетот за правни и политички науки во состав на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, СкопјејарегулирасвојатаполитиказаобезбедувањенаквалитетсогласноПравилникот заобезбедување на квалитетнаУниверзитетотусвоен со одлука на Сенат (Прилог 1.4.А.)

Во рамките на Американскиот универзитет на Европа – ФОН делува Комисијата за развој и имплементација на политика за квалитет. (Прилог 1.4.Б)
Во рамките на Факултетот континуирано функционира Комисијата за самоевалуација. Комисијата годишно го известува Наставно научниот на Факултетот за резултатите од спроведените анкети со студентите, а изготвува целосен извештај за состојбите и спроведените политики за обезбедување на квалитет во интервал од три години.

Прилози
1.4.АПравилник за обезбедување на квалитет (линк до веб)
1.4.Б Одлука за формирање комисија за развој и имплементација на политика за квалите

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Основна цел на процесот на самоевалуација на Факултетот за правни и политички науки во состав на АУЕ-ФОН Скопје е да го процени квалитетот на наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес на првиот и вториот циклус на студии и врз основа на анализа и критична проценка на клучните елементи (студиски програми, наставно-научен и соработнички кадар, наставно-образовна дејност, научноистражувачка работа, студенти, просторни и материјални ресурси, логистика, надворешна соработка и финансирање) како и со помош на анализата на заканите, можностите, слабостите и предностите да се разоткријат силните и слабите страни на процесите со цел да се предложат мерки за нивно подобрување, релативизирање или целосно отстранување.

Последниот извештајот за самоевалуација на Факултетот за правни и политички науки во состав на Американскиот Универзитет на Европа- ФОН, Скопје (прилог 1.5.А) го опфаќа периодот 10.2021 година до 09.2024 година. Тој содржи препораки и корективни мерки во однос на студиски програмите, наставничкиот и соработничкиот кадар, наставно-образовната дејност, студентите, отпочнување со работа на докторските студии, научно истражувачката дејност, надворешната соработка, финансирањето и односите со јавноста.
Сите извештаи за самовалуација се објавени на веб страната на установата.

| | |
|---|---|
| Прилози<br>1.5.АИзвештај за самоевалуација на Факултетот за правни и политички науки – АУЕ-ФОН Скопје (https://aue.mk/files/uploads/43f69aad-06ad-4929-ae85-c506b55dc370.doc)<br>1.5.Б Извештај за студентска анкета на Факултетот за правни и политички науки учебна 2020/2021 година<br>1.5.В Извештај за студентска анкета на Факултетот за правни и политички науки учебна 2021/2022 година<br>1.5.ГИзвештајзастудентска анкетанаФакултетот за правни и политички науки- летенсеместаручебна 2022/2023 година<br>1.5.ДИзвештајзастудентска анкетанаФакултетот за правни и политички науки- зимскисеместаручебна 2022/2023 година<br>1.5.ЃИзвештајза студентска анкетанаФакултетот за правни и политички науки- летенсеместаручебна 2023/2024<br>1.5.ЕИзвештајза студентска анкетанаФакултетот за правни и политички науки- зимскисеместаручебна2023/2024 година | |
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |
| Нема спроведена надворешна евалуација на Факултетот за правни и политички науки | |
| Прилози | |

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| **2.1.**Установата има донесен/и акт/и или правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв и втор циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |

Факултетот за правни и политички науки при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН во Скопје ја има наставно-образовната дејност како своја основна дејност. Тоа е експлицитно наведено во сите документи (визија, мисија, акт за основање и др.) кои претставуваат основа за насоките на дејствување и развој на Факултетот за правни и политички науки. На овој факултет, континуирано се работи на креирање, следење и одобрување на студиските програми од прв и втор циклус на студии согласно современите предизвици и трендови во општеството со цел студентите да одговорат на потребите на пазарот на трудот.

Сите студиски програми на Факултетот за правни и политички науки, за прв и втор циклус на студии се акредитирани и усогласени со постојните законски прописи во државата. Постапката на изработка и одобрување на студиските програми на Факултетот за правни и политички науки при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН е регулирана согласно Законот за високото образование (**Прилог 2.1.А**), Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од прв и втор циклус на студии (**Прилог 2.1.Б**), како и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од прв и втор циклус на студии од Одборот за акредитација на високото образование (**Прилози 2.1.В – 2.1.Ѓ**). Постапката за акредитација на сите студиски програми за двата циклуси на студии, се спроведува редовно, на пет години, а согласно со Упатството започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиската програма.

Прилози
Прилог 2.1.А Закон за високото образование (Службен Весник на РСМ бр. 82/18) (линк до веб)
Прилог 2.1.Б Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11) (линк до веб)
Прилог 2.1.В Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на прв циклус студии (линк)
Прилог 2.1.Г Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на втор циклус студии (линк до веб)
Прилог 2.1.ДОбразец за акредитација на студиски програми на прв циклус студии (линк до веб)
Прилог 2.1.ЃОбразец за акредитација на студиски програми на втор циклус студии (линк до веб)

| | |
|---|---|
| **2.2.**Содржина на студиските програми (целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето).<br>Содржината на студиските програми кои се изведуваат на институцијата е добро осмислена и опишана и е релевантна за целите на студиските програми и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите опфатени во студиските програми се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learningoutcome). Студиските програми на двата циклуси на студии се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини кои се од особено значење за нивниот понатамошен професионален развој. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Факултетот за правни и политички науки при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН организира студии во два циклуси: прв циклус-додипломски студии на правни науки во времетраење од три години, втор циклус- на специјалистички студии – IV година и магистерски студии – V година во времетраење од по една година;прв циклус академски додипломски студии во времетраење од четири години и втор циклус на академски студии во времетраење од една годинана политички студии.
Прв циклус на студии
Во последните пет години, во рамки на првиот циклус на студии егзистираат двестудиски програма и на правни и на политички науки.
Втор циклус на студии
Во последните пет години, во рамки на втор циклус на студии на правни науки егзистираат седум студиски програми (од 2017/18 три студиски програми (двогодишни академски) и тоа: правосудни студии, бизнис право и меѓународно право и право на ЕУ) и (од 2020/21 година четири студиски програми, специјалистички и магистерски, и тоа: Граѓанскоправо, Деловно право, Казнено право и Меѓународно право и право на ЕУ) и една едногодишна

студиска програма за напредни последипломски студии за интеграција во Европската Унија, магистерски студии.
На факултетот, егзистираи една едногодишна студиски програма од втор циклус – академски студии на политички науки.
Во последните пет години, во рамки на втор циклус на студии на политички науки егзистираат четири студиски програми (од 2017/18 една студиска програма (двогодишни академски) и тоа: политички науки и дипломатија) и (од 2020/21 година една студиска програма, специјалистички и магистерски, и тоа: политички науки и од 2022/23 една студиска програма, едногодишни магистерски академски студии и тоа: политички науки.

Содржината на сите студиски програмие внимателно конципирана и прилагодена на целите и исходите од учењето, кои вклучуваат развој на критичко размислување и решавање проблеми, што им овозможува на студентите да се подготвени да одговорат на различни професионални предизвици. Сите програми имаат јасно дефинирани цели, насочени кон потребите на студентите, со цел да се обезбедат знаења, способности и вештини кои соодветствуваат на профилот на студиската програма и знаењето што студентите го стекнуваат по завршувањето на студиите.
Во однос на одделните предметни програми, евидентно е дека сите предметни програми се формулирани со цел да обезбедат исполнување на општите цели на студиските програми. Кај сите предметни програми (задолжителни и изборни),јасно се наведени цели на предметната програма, компетенции со кои ќе се стекнат студентите по завршување на соодветната програма, содржина на предметната програма, методи на учење, начин и критериуми на оценување, како и начин на следење на квалитетот на наставата. Секоја одделна предметна програма има јасно утврдена основна и дополнителна литература.
Содржината на студиските програми ги исполнува сите услови предвидени во член 140 од Законот за високо образование.
Содржината на студиските програми, целта на секоја програма, постигнување на резултатите од учењето, како и сите дополнителни информации за предметните програми на сите акредитирани студиски програми на прв и втор циклус на студии, кои се изведувале во последните пет години се достапни во приложените елаборати.

**Прилози**
студиските програми и акредитации (линк) - прилог

Прилог 2.2. А - Елаборат за акредитација на студиска програмапрв и втор циклус (правосудни, бизнис право и меѓународно право и право на ЕУ) правни студии за 2017/2018 година
Прилог 2.2. Б - Елаборат за акредитација на студиска програма Политички науки и дипломатија на прв циклус на студии за 2017/2018 година
Прилог 2.2. В - Елаборат за акредитација на студиска програма Политички науки и дипломатијавтор циклус на студии за 20172018 година
Прилог 2.2. Г- Елаборат за акредитација на студиска програма Политички науки на прв циклус на студии (академски) за 2022/2023 година
Прилог 2.2. Д- Елаборат за акредитација на студиска програма Правни науки на прв циклус на студии (академски) за 2022/2023 година
Прилог 2.2. Ѓ- Елаборат за акредитација на студиска програма Политички науки, специјалистички стручни студии на втор циклус на студии за 2020/2021година
Прилог 2.2. Е - Елаборат за акредитација на студиска програма Деловно право, специјалистички студии на втор циклус за 2020/2021 година
Прилог 2.2. Ж - Елаборат за акредитација на студиска програма Граѓанско право, специјалистички студии на втор циклус за 2020/2021 година
Прилог 2.2. З - Елаборат за акредитација на студиска програма Казнено право, специјалистички студии на втор циклус за 2020/2021 година
Прилог 2.2. Ѕ - Елаборат за акредитација на студиска програма Политички науки, на втор циклус на студии магистерски (академски ) за 2022/2023 година
Прилог 2.2. И - Елаборат за акредитација на студиска програма Деловно право, на втор циклус на студии магистерски (академски) за 2020/2021 година
Прилог 2.2. Ј - Елаборат за акредитација на студиска програма Граѓанско право, на втор циклус на студии магистерски (академски) за 2020/2021година
Прилог 2.2. К - Елаборат за акредитација на студиска програма Казнено право, на втор циклус на студии магистерски (академски) за 2020/2021година
Прилог 2.2. Л – Елаборат за акредитација на студиска програма Меѓународно право и право на ЕУ, втор циклус (двогодишни студии) за 2020/2021 година
Прилог 2.2. Љ - Елаборат за акредитација на студиска програма за напредни последипломски студии за интеграции во Европска унија ( заеднички последипломски студии во соработка со Меѓународниот центар за Европско образование – МЦЕО, Ница) на втор циклус на студии магистерски (академски) за 2021/2022 година

| | |
|---|---|
| **2.3.**Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. Релевантни извештаи и препораки. |

Сите студиски програмина Факултетот за правни и политички науки, при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН се разработени на база на континуирано следење и анализа на актуелните потреби на државата, деловниот свет, меѓународната заедница и организациите, невладините организации и општеството во целост. Студиските програми се прилагодени на новите предизвици и потреби за реформи во правосудниот систем, јавната администрација, граѓанскиот сектор, но и соодветна заштита на основните вредности на кои почива општеството: правдата и човековите права.
Во согласност со член 67 од Законот за високо образование (Сл. Весник на РСМ бр. 35/0830/16) и член 122 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18), во рамките на Факултетот за правни и политички науки основан е Одбор за соработка и доверба со јавноста, кој го сочинуваат релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми.
Во процесот на акредитација и реакредитација на студиските програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста (Прилог 2.3.В) изнесува мислење за адекватноста на програмите во однос на развојните потреби на општеството и економијата.
Сите студиски програми на прв циклус на студии од 2022/2023 година и сите студиски програми на втор циклус на студии (академски и стручни) од 2022/2023 година имаат добиено позитивно мислење од страна на Одборот за соработка и доверба со јавноста (Прилог 2.2. Елаборати).

**Прилози:**
**Прилог 2.3.А**. – Закон за високото образование (линк)
**Прилог 2.3.Б** – Закон за високото образование (линк)
**Прилог 2.3.В**Одлука или формирање одбор за соработка и доверба со јавноста
Сите елаборати на студиските програми се дадени во прилогот 2.2.

| | |
|---|---|
| **2.4**.Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми. |

Студиските програми на прв и втор циклус на студии на Факултетот за правни и политички науки се изготвуваат, ревидираат и подобруваат низ процесот на континуирана соработка со студентите и другите релевантни групи на интерес (правосудниот систем, државните органи, бизнис заедницата, граѓанскиот сектор студиски програми на реномирани странски универзитети) со цел да се избегне нивна застареност, како и во целост да се одговори на актуелните потреби на пазарот на труд за високо-образовен кадар од областа на правни и политички науки

Подобрувањето на студиските програми од прв и втор циклус на студии на Факултетот, во значајна мера се темели на практиката на спроведување анкети на алумните на Факултетот.

Учесниците одговорни за изготвување на елаборатите за акредитација/реакредитација на студиските програми во рамки на секоја насока се во континуирана комуникација со алумните на Факултетот за правни и политички науки, со цел да се добијат податоци од дипломираните студенти на студиските програми за тоа дали и колку од нив се вработени, во колкав обем теоретските знаења од студиската програма влијаат врз практичната примена на исходите, на кој начин стекнатите знаења и вештини го поддржуваат нивниот личен и професионален развој, степенот на задоволство од студиската програма, каде е неопходно да се интервенира со цел подобрување на студиската програма и сл.
Прибраните податоци и информации се предмет на анализа, а програмите подлежат на соодветно прилагодување на потребите на пазарот на труд, развојните потреби на националниот правен систем, јавната и државна администрација, домашната економија, бизнис заедницата и глобалните трендови, со цел да се избегне нивно застарување и да се обезбеди зголемена конкурентност на студентите и вештини за профилот за кој стекнуваат високо-образовни квалификации на соодветната студиска програма.

**Прилози**
**Прилог2.4.А** Учество на студенти во телата на Факултетот (одлуки)
**Прилог 2.4.Б**Листа на соработници на Факултетот/Универзитетот (линк)
**Прилог 2.4.В** Листа на компании и институции партнери на Факултетот за правни и политички наукисо кои е

<table>
<tr><td colspan="2">потпишан меморандум за соработка</td></tr>
<tr><td>2.5.Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства.</td><td>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години. Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства</td></tr>
<tr><td colspan="2">При изработка на студиските програми, Факултетот за правни и политички науки при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН, континуирано ги следи најдобрите практики и светските искуства, со цел да се задоволат потребите на пазарот и општествените потреби. При изработката на студиските програми е вклучен напор за иновирање и усовршување на програмите, со користење на позитивните искуства од реномираните странски универзитети.<br>Секој аспект на студиските програми е детално разработен, со цел да се постигне препознатливост и компатибилност на програмите со најдобрите светски искуства во структурирањето на одделните студиски програми.<br>Во процесот на изработка на програмите, значајно внимание е посветено на компатибилноста со стадиумите на европските високо-образовни институции. Примената на оваа стратегија не само што ја зголемува конкурентската предност на студентите на пазарот на трудот, туку ги проширува и можностите за понатамошно образование и професионален развој во странство. Трансферот на знаења и користење на искуства од соодветните студиски програми на реномираните странски универзитети претставува појдовна идеја  во процесот на реакредитација на студиските програми.<br>Додадената вредност од вклучување надворешна експертиза и референци во студиските програми во форма на надворешни наставници кои се вклучени во студиските програми е инкорпорирана во некои студиски програми на Факултетот за правни и политички науки.<br>Во последните 5 години на студиските програми како експерти и надворешни соработници, на покана предавања одржале низа гости предавачи од државни институции, правосудни и државни органи, од домашната бизнис заедница и претставници на релевантни меѓународни институции, претставници од невладин сектор, членови на академската зедница.<br>Согласно податоците за одржани предавања од страна на гостин-спикер/стручњак од праксата на прв циклус на студии во текот на учебната 2019/2020 година предавања одржале 3 странски експерти. Во текот на учебната 2021/2022 предавања одржале 2 странски експерти. Во текот на 2022/2023 предавања одржал 1 странски експерт.<br>Во продолжение е дадена листа на странски експерти предавачи кои одржале предавања на прв циклус на студии во учебната 2019/2020, 2021/2022 и 2022/2023 година<br>- Senior Assistant Professor Vanya Kraleva, University of Economics, Varna, The Republic of Bulgaria;<br>- Вонреден професор Murat Akkaya, Arel University, Istanbul, Turkey;<br>- Редовен професор Evgeni Evgeniev, VUZF, Sofia, Republic of Bulgaria.<br><br>Во 2009/2010 беше остварена дојдовна мобилност на 2 претставници од наставен кадар од Универзитетот за економија во Варна, Бугарија (Еразмус +) и 1 претставник од Универзитетот во за општествени науки во Лоѓ, Полска (Еразмус+).<br>Во 2021/2022 беше остварена дојдовна мобилност на 2 претставници од наставен кадар од Факултетот за индустриско инженерство при Универзитетот за применети науки во Митведа, Германија (Еразмус+) и 6 претставници од наставен кадар од Универзитетот ВУЗФ од Софија, Република Бугарија (Еразмус+).<br>Студиските програми на двата циклуси се усогласени со најдобрите светски практики.<br>Сите акредитирани студиски програми од прв и втор циклус на студии се изработени во согласност и се компатибилни со првите 100 најдобри универзитети во светот, а при изработката на програмите се водеше сметка и за европската димензија на студиските програми.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Сите елаборати на студиските програми се дадени во прилогот 2.2.</td></tr>
<tr><td>2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структурирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето</td><td>Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето во практична настава во предметите, односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>и нејзината реализација редовно се следи.</td><td>надворешни активности во последните пет години за сите студиски програми.</td></tr>
<tr><td colspan="2">На Факултетот за правни и политички науки при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН, системот на студирање на факултетот е според Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), како и напредувањето на студентите е според освоените ЕКТС кредити. Со наставните програми, оптоварувањето на студентите со активности е соодветно димензионирано за секој семестар и овозможува студентот да учествува во надворешни активности.<br>Во описот на предметите за сите студиски програми (дадени во Елаборатите на студиските програми – Прилози 2.2.А – 2.2.Љ, за секој предмет дадена е детална распределба на вкупниот расположлив фонд на време што соодветствува со бројот на кредити на предметот. ЕКТС – кредитите се релативна мерка која обемот на работа на една предметна дисциплина го става во однос со вкупниот обем на работа потребен за да се комплетира цела студиска година, во што се опфатени: предавања, практична работа, тимска работа, семинари, проектни задачи, самостојно учење – во библиотеки или во местото на престој – како и испити и други методи на евалуација. Во рамките на ЕКТС, општо правило е дека оптималниот обем на работа за една студиска година изнесува 60 кредити, односно 30 кредити се еквивалент за еден семестар. Според ЕКТС, оптоварувањето на студент на прв циклус на студии е димензионирано на 180 ЕКТС за правни науки распоредени во три студиски години по 60 кредити и 240 ЕКТС за политички науки распоредени во четири студиски години по 60 кредити и на втор циклус на студии едногодишни специјалистички студии на правни науки по 60 кредити и едногодишни магистерски студии на правни и политички науки по 60 кредити.<br><br>Факултетот за правни и политички науки организира практична настава за своите студенти во соработка со голем број институции, државни органи и компании (Прилог 2.6.Б). За започнување на практичната настава од страна на Факултетот на студентот му се издава потврда (упатница) за негово упатување до организацијата – установата каде ќе се реализира наставата, потпишана од деканот. Во текот на практичната настава, студентот е под надзор на ментор од Факултетот, кој го следиуспешното реализирање на практичната настава. Студентот во текот на реализацијата на практичната настава води дневник за секојдневните активности. По завршувањето на практичната настава, студентот е неопходно во Службата за студентски прашања да достави потврда за остварената практична настава, заверена од организацијата – установата каде е реализирана истата.<br><br>Центар за кариера за поддршка на студентите<br>Во однос на надворешните активности, наспроти измените во Законот за високо образование согласно кои практичната настава од академската 2019/2020 година не се смета за задолжителна активност, Центарот за кариера при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН посредува во процесот на склучување на Договори за изведување практична настава на студенти меѓу Факултетот за правни и политички науки и субјекти од јавниот и приватниот сектор.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 2.6.А Процедура за изведување студентска пракса (линк до веб)<br>Прилог 2.6.БЛиста на компании и институции со кои Факултетот за правни и политички науки има потпишано меморандуми за соработка<br>Прилог 2.6.В Одлука за назначување на координатор на Центарот за кариера</td></tr>
<tr><td>2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата.</td><td>Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Сите информации за студиските програми на двата циклуси на студии се објавени на веб страната на Американскиот Универзитет на Европа – ФОН, во рамките на кој Факултетот за правни и политички науки е интегриран дел и истите кореспондираат до официјалните записи. Информациите се објавени на јазиците на кои се изведуваат програмите.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 2.7.А Прв циклус студии(https://aue.mk/files/uploads/28edd4bc-b1ce-429c-ac64-d3733e9c0134.pdf; https://aue.mk/files/uploads/fddf35bb-94a6-4087-93db-bb7d6cbefe94.pdfдо веб);<br>Прилог 2.7.Б Втор циклус на студии (https://aue.mk/files/uploads/318270be-edb2-4d74-8af6-dc12e4a175ff.pdf; https://aue.mk/files/uploads/8ed3df25-7b2f-4f8c-9e21-d28b5a815d31.pdfдо веб);c20ce73d-f81d-47c0-915e-df919d1623b1.pdf</td></tr>
<tr><td>2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат</td><td>Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ за ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената, причините за спроведените промени и очекуваните резултати |

Студиските програми на Факултетот за правни и политички науки периодично се ревидираат за да ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општеството. Според Законот за високо образование, реакредитацијата на студиските програми се спроведува редовно, на пет години, а согласно упатствата започнува една година пред истекот на тековната акредитација на соодветната студиска програма/и.

Прв циклус на студии
Во рамки на првиот циклус студии, по реформирањето на студиските програми во академската 2017/2018 година, последното реформирање кај сите програми е спроведено во академската 2022/2023 година.

Втор циклус на студии
Во рамки на вториот циклус студии, по реформирањето на студиските програми во академската 2017/2018 година последното реформирање за правни науки е спроведено во академската 2020/2021 година и за специјалистички и за магистерски студии, а кај политички науки во 2022/2023 година за едногодишни магистерски студии.

Извештаи за спроведената настава или информација за следењето на изведувањето на наставата

Наставата на Факултетот за правни и политички науки редовно се спроведува согласно утврдениот распоред на часови кој се објавува на веб страната на Универзитетот (линк до веб: распореди). На Универзитетот е воведено софтверско решение за електронска евиденција на наставата. Информација за спроведување на наставата секој предметен наставник доставува во индивидуалниот годишен извештај за наставата одржана во двата семестри во учебната година.
Изведувањето на наставата е предмет на евалуација која се спроведува преку анкетни прашалници за редовните студенти во секој семестар. За добиените резултати од анкетата се информира секој професор поединечно со цел секој да може да се унапреди. Резултатите од спроведените анкети на Факултетот за правни и политички науки се дадени во прилог 1.2.

Прилози
2.8.А Студиски програми (линк)
2.8.Б Годишниот извештај за работа на Факултетот за правни и политички наукиза 2023/24 (линк)
Годишниот извештај за работа на Факултетот за правни и политички наукиза 2022/23(линк)
Годишниот извештај за работа на Факултетот за правни и политички наукиза 2021/22 (линк)
Годишниот извештај за работа на Факултетот за правни и политички наукиза 2020/21 - прилог
Годишниот извештај за работа на Факултетот за правни и политички наукиза 2019/20 - прилог
2.8.В Извештај за самоевалуација за 2021/22, 2022/23, 2023/24 (линк)
Извештај за самоевалуација за 2018/19, 2019/20, 2020/21 (линк)

| | |
|---|---|
| **2.9**. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци по академски години за последните пет години. |

На Факултетот за правни и политички науки при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН се следи бројот на новозапишани, дипломирани/магистрирани и испишани студенти, како и бројот на предмети кои се реализираат во секој семестар, просечна оцена итн. Добиените податоци претставуваат основа за донесување одлуки во насока на унапредување на студиските програми.
Во продолжение дадени се некои од основните податоци за сите циклуси во последните 5 години.
На прв циклус на студии последните 5 учебни години на правни студии се реализирала настава во просек на 56 предмети, на политички науки на 65 предмети, а на втор циклус студии се реализира настава на правни студии на во просек 46 предмети на специјалистички студии и 40 предмети на магистерски студии, а на политички науки на во просек 21 предметна магистерски и 20 на специјалистички студии.

**Прв циклус на студии**
Бројот на **запишани студенти** во изминатите пет години изнесува: 2019/2020 – 56, 2020/2021 – 75, 2021/2022 – 54, 2022/2023 – 66, 2023/2024 – 23

Од студентите кои се запишале 2019/2020 година, се отпишале 6 студенти, од запишаните студенти 2020/2021 отпишани се 7 студенти, од запишаните во 2021/2022 година студиите ги напуштиле 12 студенти, од запишаните во 2022/2023 година отпишани се 4 студенти, а од запишаните во 2023/2024 година само 1 студентсе отпишалод факултетот. Како најзначајни причини за отпишување се наведени следните: иселување во странство, финансиски причини и префрлување на друг факултет.
Бројот на **дипломирани студенти** во последните 5 години изнесува: 2019– 75 2020 - 45 2021 – 51, 2022 – 44 2023– 40.
**Просечната оцена на дипломирање** е: 2020 – 7,82 / 2021 – 7,56 / 2022 – 7,59/ 2023 – 7,59/ 2024– 7,34

**Втор циклус на студии**
Вкупниот број на **запишани студенти** на втор циклус на студии во изминатите пет академски години изнесува: 2019/2020 – 70, 2020/2021 – 70, 2021/2022 – 91 2022/2023 – 64, 2023/2024 – 67
Бројот на студенти кои **специјализирале и магистрирале** во последните пет години е:2019 специјализирале 42, а магистрирале 337студенти, 2020 специјализирале 42, а магистрирале 40 студенти, 20221специјализирале 44, а магистрирале 30 студенти, 2022 специјализирале 70 а магистрирале 42 студенти, 2023 специјализирале 43, а магистрирале 23 студенти.
**Просечната оцена на втор циклус на студии** е: 2020 – 8,17/ 2021 – 7,95/ 2022 – 7, 88/ 2023 – 7,87/ 2024 – 8, 13.

Во анализираните учебни години е забележан надолен тренд на упис на прв циклус на студии во последните академски години. Интересот за упис на студенти на прв циклус на студии е намален споредено со периодот од пред десетина години, но со иновирање и воведување на нови методологии и студиски програми, би можело да се очекува подобрување на состојбата на упис на прв циклус на студии во периодот што следи.

**Прилози**
**Прилог 2.9. А** – Број на предмети по години
**Прилог 2.9.Б** – Број на студенти по година
**Прилог 2.9.В –** Просечни оцени по циклуси на студии

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин кој ги мотивира студентите да зема активно учество во креирање на процесот на учење дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес.

Механизам 1 – Јасно дефинирани надлежности во Статутот на Универзитеот за Факултетот за правни и политички науки.
Механизмите кои обезбедуваат процесна изведуваање на програмите на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во процесот на учење и практикување на знаење на Факултетот за правни и политички науки е обезбеден преку повеќе акти и документи – кои до следно се спроведуваат во практика. Во Статутот на АУЕ-ФОН Универзитет јасно се дефинирани надлежностите на Факултетите меѓу другото и во насока на наставноо бразовната дејност.

Механизам 2 – Јасно дефинирани активности кои се предмет на оценување низ:

- - Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломскистудии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Американскиот универзитет на Европа-ФОН

Приизведувањето на наставата се користат различни интерактивни методи, како:семинарски трудови, панел дискусии, формални дебати, студии на случај, а особено внимание се посветува на методите на симулација, истражувачки проекти и дебати и дискусии. Предметните програми точно го дефинираат завршното оценување, кое транспарентно е претставено пред сите студенти, и се одвива во однапред утврдени термини за кои навремено се информираат студентите. Во процесот на оценување се вклучуваат дискусии и презентации на изработените семинарски трудови пред други студенти, што ја поттикнува културата на споделување знаења, сознанија и конструктив на дебата. Елаборатите за студиските програми јасно ги наведуваат методите и механизмите на оценување, како што се колоквиуми, вежби, практична работа, презентации, клиничка настава, проектни задачи и други активности предвидени во наставнатапрограма.

Механизам 3 – -Директно информирање на студентите преку интернет страната на Универзитетот, каде студентите се информираат за:

- Правилник за студирање според ЕКТС
- Правилник за специјалистички труд
- Правилник за магистерски студии
- Етички кодекс на АУЕ-ФОН
- Правилник за дисциплинска одговорност на студентите на АУЕ-ФОН
- Упатство за изработка на семинарска работа и есеј, дипломска работа и магистерски труд
- Упатство за остварување практична настава
- Упатство за користење на интегрираниот систем за студентскисервиси – Teams
- Директно информирање на студентите на прв циклус студии (додипломскистудии) и втор циклус студии (постдипломскистудии) преку веб страната на Американскиот универзитет на Европа-ФОНза Правилата на студирање, Програмата на додипломски и постдипломскистудии, Структурата на магистерскиот труд.

Прилози

3.1.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Американскиот универзитет на Европа-ФОН (линкдо веб)

3.1.Б. Правилник за студирање според ЕКТС(линк до веб)
31..В. Правилник за специјалистички труд (линк до веб)
3.1.Г. Правилник за магистерски студии (линк до веб)
3.1.Д. Етички кодекс на АУЕ-ФОН (линк до веб)
3.1.Ѓ. Правилник за дисциплинска одговорност на студентите на АУЕ-ФОН (линк до веб)
3.1.Е. Упатство за изработка на семинарска работа и есеј, дипломска работа и магистерскитруд (линкдо веб)
3.1.Ж.Упатство за остварување практична настава (линк до веб)
3.1. З.Огласи за пракса (линк до веб)
3.1.Ѕ Правилник за полагање и оценување испити (линк до веб)
3.1.И. Линковите за сите Елаборати по студиските програми е даден во Прилог 2.
3.1.Ј. Користење на интегрираниот систем за студентски сервиси – Teams(линк до веб)

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

А.Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв циклус (член 23-29) и на втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа-ФОН (член 27-9) се наведени и детално елеборитани начините преку кои може да се изведува наставата (иако не се ограничува само на истите), како предавања, вежби, семинари, индивидуална настава, практично оспособување, хоспитација, теренска работа, согласно спецификите на наставно-научните и/или уметничките области на предметите и активностите од студиската програма, како и консултативно-инструктивна настава, форми на континуирана проверка на знаењата и испити (контакт часови), како и учење и други форми на самостојна работа на студентот: спортски активности, проектни активности, истражување на литература, изработка на семинарски задачи, изработка на завршен труд (дипломски, магистерски), итн. Се остава флексибилност и за вклучување (лице во лице или виртуелно преку платформата Теамс) на предавачи и гости од други високо образовни и институции во наставата - сите овие можности се искористуваат од Американскиот универзитет на Европа-ФОН.

Б.. Дополнително и во правилникот за полагање и оценување на испити на Американскиот универзитет на Европа-ФОН, јасно се наведени начините и механизмите што може да биде предмет на оценување како колоквиуми, тестови, есеи, семинарски работи и други видови на проверка на знаењата предвиден со предметната програма.

В. Деталните начини во пристапите и флексибилност во учењето/наставата согласно потребите на студентите се дел од Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно.

Г. Иновативниметодивоизведувањенанаставата

Студиските програми користат иновативни и специфични пристапи, како и интерактивни алатки кои имаат за цел активно да ги вклучат студентите во наставниот процес и процесот на учење. Предавањата вклучуваат поединечна или групна партиципација на студентите во дискусии, дебати и вежби, кои поттикнуваат активен индивидуален ангажман и развој на критичко мислење. Студентите секоја студиска година задолжително ја посетуваат практичната настава, која е еден од условите за продолжување на студиите во наредната година. Практичната настава се организира и координира од страна на Центарот за развој и кариера на Универзитетот, кој ги информира студентитезаначинот, постапката и условите за нејзино изведување. Студентите на втор циклус на студии, кои најчесто веќе се вработени и имаат практично искуство, комбинираат стекнатото искуство со студии на случај и анализи базирани на податоци. Ова им помага во развојот на истражувачките и критичките компетенции, како при изработката на семинарските трудови, така и при подготовката на магистерскиот труд. На овој начин, студентите развиваат способност за критичко, аналитично и стратешко размислување, со што се насочуваат кон донесување рационални одлуки и придонес за правната и политолошката стручност во рамките на политичкиот систем на Република Северна Македонија , но и на меѓународно ниво. Со користење на современа литература, истражувања, извештаи од релевантни институции, практични примери и студии на случај, како и со изработка на семинарски трудови врз основа на реални проблеми што произлегуваат од легислативна, политолошка, институционална неусогласеност, студентите ги применуваат знаењата во пракса, како во професионалната работа, така и во понатамошното академско надградување.

Д. Флексибилноста кон студентите на втор циклус е обезбедена преку можноста за остварување испити и консултации во попладневните часови. Испитите, предавањата и консултациите се закажуваат по 14:00 часот или во договор со предметните наставници, што овозможува поголема прилагодливост и удобност за студентите, особено

<table>
<tr><td colspan="2">за оние кои се вработени или имаат други обврски.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br><br>3.2.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Американскиот универзитет на Европа-ФОН (линк до веб)<br>3.2.Б Правилник за магистерски студии (линк до веб)<br>3.2.В.Правилник за полагање и оценување испити (линк до веб)<br>3.2.Г.Упатство за остварување практична настава (линк до веб)<br>3.2.Д.Линковите за сите Елаборати по студиските програми е даден во Прилог 2.</td></tr>
<tr><td>3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти.</td><td>Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата.<br>.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Во рамките на секоја студиска програма јасно и прецизно се прикажани општите и специфичните дескриптори За секоја студиска програма се елабориранителите, компетенциите, вештините кои треба да ги обезбеди, начинот на кој го остварува истото (каде посебен е фокусот на пристапите кои обезбедуваат и интерактивно учење насочено кон студентот). Во елаборатите на студиските програми предвиденисе посебни начини на фокусираност на наставата кон интерактивно учење, како и пристап на учењето кој е фокусиран на студентот, развојот на неговоите вештини и компетенции .Ваквиот пристап е својствен за секоја студиска програма на прв и вторциклуснастудии. Дополнително, согласноЕлаборатитепостудискитепрограминафакултетот за правни и политички науки при Американскиот универзитет на Европа-ФОН,јасно се наведени начините и механизмите, односно што може да биде предмет на оценување - колоквиуми, вежби, практична работа, презентација, теренсканастава, проектнаработа и многу други работи предвидени во предметната програма. Сите овие можност и се прииименуваат од страна на факултетот за правни и политички науки при Американскиот универзитет на Европа-ФОН и тоа од секоја посебна студиска програма согласно нејзините специфики – каде се става посебен фокус на интерактивноста и интердисциплинарноста на пристапите – студиите на случај се користат во секоја од студиските програми.<br><br>Соoглед на тоа што студентитевеќерасполагаатсопрактичнознаење, имсеовозможуваинтерактивноучење, кое е насоченоконразвојнанивнитевештини и компетенции. Наставата се следиконтинуирано, приштосеидентификуваатслабостите и недостатоците и сеправатсоодветниадаптацииzаподобрувањенапроцесот. Накрајотодсекојсеместар, сеспроведуваатанкетнипрашалницикоиимовозможуваатнастудентитедајаоценатнаставата и дададат свои мислења и сугестии. Целта на самоевалуацијата е да се процени квалитетотнанаставно-образовниот и научно-истражувачкиотпроцесна Факултетот за правни и политички науки при Американскиот универзитет на Европа-ФОН. Возависностодрезултатитенаанкетите, серазгледуваат можности за адаптација на наставата, со цел континуирано унапредување на наставниот процес.</td></tr>
<tr><td colspan="2">3.3.А.Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Американскиот универзитет на Европа-ФОН(линк до веб)<br>3.3.Б.Правилник за магистерски студии (линк до веб)<br>3.3.В.Линковите за сите Елаборати по студиските програми е даден во Прилог 2.</td></tr>
<tr><td>3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени</td><td>Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | |

Воелаборатитенасекојастудискапрограма, деталносеутврдени и елабориранимеханизмите /алаткитенаоценување. Засекојастудискапрограмајавно и транспарантносепрезентиранианачинитенаоценувањенастудентитекоиовозможуваатдаседемонстриранивниотстепен напостигнатирезултати.

Во Прилог 1 во Елаборатите за акредитација за секоја студиска програма на факултетот за правни и политички науки во предметните програми (силабуси) секој специфичен предметсодржи детален опис на политиката и методите на оценување и испитување на студентите. Во правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Американскиот универзитет на Европа-ФОН и Правилникот за полагање и оценување испити,јасно се наведени и елаборирани правилата за проверка на знаењата и оценување, понатаму и детално се елаборирани како се пријавува, како се изведува испитот, кои се испитните рокови, утврдување на идентитетот, правила за однесување на испит, устен испит, писмен и практичен испит, резултати од писмениот и практичниот испит, непочитување на правилата за однесување, оценување, чување на записникот, испитните пријави и задачите од писмениот и практичниот дел на испитот, поднесувањето на приговори и постапувањет по истите, комисиско полагање и кои се обврските на засеганите страни/наставникот во целиот процес на оценување. Наведените постапки се почитуват од страна на наставниот кадар на факултетот за правни и политички науки, во секоја посебна студиска програма на прв и втор и циклус на студии согласно нејзините специфики. Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно.

Дополнително, напочетокотнасекојсеместар, одговорнитенаставницигиинформираатстудентитезаГодишнатапрограмазаработанаконкретниотпредмет, којавклучуванесаморелевантнаталитература и методите на изведување на наставата, туку и детални информации за начинот на оценување. Овде се објаснуваат елементите што севалоризираат при формирање на завршната оцена за предметот. Повеќето предмети имаат комплексна политика на евалуирање, која по крај стандардните алатки за проверка на знаењето, вклучува и индивидуалнанаучно-истражувачка работа која се спроведува континуирано во текот на семестарот. Оценувањето во повеќето случаи комбинира најмалку два метода на вреднување, како што се тестови, индивидуалниили групни проектни задачи, активност на часовите, самостојни семинарски задачи, презентации и слично. Ова осигурува мултидимензионален пристап во оценувањето на студентскатаработа.

**Прилози**

3.4.А.Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Американскиот универзитет на Европа-ФОН (линк до веб)
3.4.Б.Правилник за магистерски студии (линк до веб)
3.4.В.Правилник за полагање и оценување испити (линк до веб)
3.4.Г.Линковите за сите Елаборати по студиските програми е даден во Прилог 2.

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Во Елаборатите на секоја студиска програма, во наставната програма (силабус) за секој поединечен предмет, во правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Американскиот универзитет на Европа-ФОН и Правилникот за полагање и оценување испити јасно се наведени критериумите и методите навреднување и оценување на студентите. Истите се достапни и објавени на веб страната на Универзитетот.

Деталните методи и пристапиза оценување по секоја студиска програма се презентирани во Елаборатите за акредитација на секоја програма поединечно. Во овие елаборати сеј асно и подробно елаборирани пристапите за оценување, вклучувајќи го начинот наформирање на оцената на студентите и нивната прилагоденоство согласност

со целите на секој поединечен предмет.

**Прилози**

3.5.А.Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Американскиот универзитет на Европа-ФОН (линк до веб)
3.5.Б.Правилник за магистерски студии (линк до веб)
3.5.В.Правилник за полагање и оценување испити (линк до веб)
3.5.Г.Линковите за сите Елаборати по студиските програми е даден во Прилог 2.

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

А.Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти во согласност со сите процедури

Во правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Американскиот универзитет на Европа-ФОН, Правилникот за студирање според ЕКТС и Правилникот за полагање и оценување испити,
кој е предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача,семинасрски трудови, теренска настава, есеи, проекти итн.),јасно се наведени и детално елаборирани кој е предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача,семинарски трудови, теренска настава, есеи, проекти итн.), понатаму и детално се елаборирани како се пријавува, како се изведува испитот, кои се испитните рокови, утврдување на идентитетот, правила за однесување на испит, устен испит, писмен и практичен испит, резултати од писмениот и практичниот испит, непочитување на правилата за однесување, оценување, чување на записникот, испитните пријави и задачите од писмениот и практичниот дел на испитот, поднесувањето на приговори и постапување на истите, комисиско полагање и кои се обврските на засеганите страни/наставникот во целиот процес на оценување. Рамката на оценување се почитува од страна на наставниот кадар на факултетот за правни и политички науки, во секоја посебна студиска програма на прв и втор и циклус на студии согласно нејзините спецификации, кадешто истото е дефинирано и утврдено.

Б. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите.

Секој студиски програм јасно и транспарентноги презентира критериумите и методите за оценување на студентите, што им овозможува да демонстрираатнивното ниво на постигнати резултати. Оценувањето е внимателно прилагодено на специфичните цели на секој предмет, што помага да се осигури дека оценките точно ги одразуваат стекнатите вештини и знаења.

В. Студентите добиваат повратни информации поврзани со совети за понатамошниот процес на учење

Кога се работи за предмети со композитен систем на оценување, студентите редовно добиваат повратни информации од професорите во процесот на изработката на индивидуалните семинарски и проектните задачи по електронски пат преку електронска пошта или лице во лице во одреден термин за консултации. Професорите на факултетот за правни и политички науки имаат неделни термини за консултации со студентите, каде што се

разменуваат информации и објаснувања во процесот на оценување.Студентите се информираат за своите оцени и резултатинеколкуденапозавршувањето на испитот, а тие сео бјавуваат и седостапнипрекусистемотзаелектронско учење. Студентите имаат право на увид во оцените или на договорени консултации, каде што можат да добијат насоки за тоа како да го подобрат процесот на учење во конкретната наставна материја.

Г. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето

Деталнитеметоди и пристапи за оценување за секоја студиска програма се презентираниво Елаборатите за акредитацијана секоја програма поединечно. Во овие елаборати јасно и подробно се опишани пристапите за оценување на студентите, како и нивната прилагоденосто однос на целите на секој посебен предмет. Во наставната програма за секој предмет се наведени и наставниците кои го предаваат предметот, што дополнително придонесуваза унапредувањена процесите на оценување на студентите.

**Прилози**

3.6.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Американскиот универзитет на Европа-ФОН (линк до веб)
3.6.Б. Правилник за студирање според ЕКТС (линк до веб)
3.6.В. Правилник за полагање и оценување испити (линк до веб)
3.6.Г. Правилник за магистерски студии (линк до веб)
3.6.Д. Линковите за сите Елаборати по студиските програми е даден во Стандард2.
3.6.Ѓ Просечни оцени постигнати од студентите по предмети за сите студиски програми, за академска година 2019/2020
3.6.Е Просечни оцени постигнати од студентите по предмети за сите студиски програми, за академска година 2020/2021
3.6.Ж. Просечни оцени постигнати од студентите по предмети за сите студиски програми, за академска година 2021/2022
3.6. З. Просечни оцени постигнати од студентите по предмети за сите студиски програми, за академска година 2022/2023
3.6.S . Просечни оцени постигнати од студентите по предмети за сите студиски програми, за академска година 2023/2024

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

АУЕ - ФОН води политиката на спречување на корупцијата во високото образование, преку дизајнирање на ефективна антикорупциска стратегија.
Сите поднесени жалби/приговори од студенти се доставуваат до овластено лице за прием на пријави за корупција. (Линк до веб). Во периодот од 15.03.2023 до 18. 10.2023 не се поднесени жалби/приговори и пријави за корупција од страна на студенти.

**Прилози**

3.7.А.Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Американскиот универзитет на Европа-ФОН (линк до веб)
3.7.Б.Правилник за студирање според ЕКТС (линк до веб)
3.7.В.Правилник за магистерски студии (линк до веб)
3.7.Г.Етички кодекс на АУЕ-ФОН (линк до веб)
3.7.Д. Правилникот за работата и надоместокот на овластено лице за прием на пријави на корупција на АУЕ-ФОН(линк до веб)
3.7.Ѓ.Статут на Американскиот универзитет на Европа-ФОН (линк до веб)

Стандард 4

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за правни и политички науки  при Американскиот универзитет на Европа – ФОН го уредува процесот на запишување, студирање, напредување за време на студиите, преминување меѓу студиски програми, продолжување или прекин на студиите, како и завршувањето на студиите и диплома на прв и втор циклус студии со Правилникот за условите, кретиериумите и правилата за запишување и студирање на први и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа - ФОН (прочистен текст).<br>Правилникот содржи јасни критериуми и е јавно објавен на веб-страницата на Универзитетот.<br>Студентите навремено се информираат за термините за заверка на семестар, колоквиумски и испитни сесии преку веб страната, но и преку дедициран Вибер канал и социјалните медиуми. Годишниот академски календар навремено се објавува на веб страницата на Универзитетот, како и распоредите за настава и колоквиумските, односно испитни сесии.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>4.1.А Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа - ФОН во Скопје (линк)<br>4.1.БЛинкдо веб страната со соопштенија<br>4.1.ВЛинкдо распореди</td></tr>
<tr><td>4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.</td><td>Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за правни и политички науки ги собира и следи информациите за секој студент согласно Законот за високо образование и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на први и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН. Високообразовната установа води Матична книга на запишани студенти и Главна книга на дипломирани студенти. Студентската служба води досие за секој студент, кои се чуваат во материјална и електронска форма. Во употреба е дигитална апликација за студентски и професорски портал на Универзитетот во која се води евиденција за уписот и се внесуваат резултатите од колоквиумите и испитите. Службата за студентски работи има увид во податоците, професорите и студентите имаат пристап до информациите навремено.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>4.2. А Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа - ФОН во Скопје (линк)<br>4.2.Б Закон за високо образование (линк)<br>4.2.В Линк до студентскиот портал<br>4.2.Г Линк до професорски портал</td></tr>
<tr><td>4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите.</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното<br>учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години.<br>.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Во Правилникот за условите, кретиериумите и правилата за запишување и студирање на први и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (член 40 – 42а) детално е уредена постапката за</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| признавање на периодите на студирање и претходно учење.<br>Надлежна за процесот е Комисијата за признавање на испити( Прилог 4.3.Б ) која постапува по претходно доставено барање на студентот, заедно со оригинално Уверение за положени испити. Комисијата доставува записник за признавање на испити, а правната служба изработува Решение за признавање на испити. Целосната документација се внесува и чува во досието на студентот.<br>Прилог 4.3.В ги содржи информациите за листа на студенти на кои им е признато претходното учење. | |
| Прилози<br>4.3.А Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа - ФОН во Скопје (линк)<br>4.3.Б Одлука за избор на ЕКТС координатор<br>4.3.В Листа на трансфери<br>4.3.Г Закон за високо образование (линк) | |
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |
| По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. На завршените студенти се доделува диплома и уверение, а на барање се изготвува и додаток на диплома. Структурата е во согласност со Законот за високо образование (член 155) и Правилникот за содржината содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи за секој посебен документ.<br>Американскиот универзитет на Европа - ФОН во Скопје ги издава следните документи: Уверение за завршен прв циклус на студии, Додаток на диплома за прв циклус на студии, Уверение за втор циклус на студии, Додаток на диплома за втор циклус на студии. Американскиот универзитет на Европа - ФОН во Скопје е надлежен за издавање на крајните дипломи за завршени прв и втор циклус на студии. (Прилог 4.4.А-4.4.Е) | |
| Прилози<br>4.4.А Уверение за завршен прв циклус на студии<br>4.4.Б Додаток на диплома за прв циклус на студии<br>4.4.В Уверение за втор циклус на студии<br>4.4.Г Додаток на диплома за втор циклус на студии<br>4.4.Д Додаток на диплома за втор циклус специјалистички студии<br>4.4.Ѓ Закон за високо образование (линк)<br>4.4.Е Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи (линк ) | |

**Стандард 5**

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[1] | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Наставата на Факултетот за правни и политички науки на Американскиот Универзитет на Европа-ФОН во последните пет години ја реализира наставен кадар кој е со редовно вработување на Факултетот за правни и политички науки, наставен кадар од други факултети на Американскиот Универзитет на Европа-ФОН, како и наставници од други универзитети и установи. Во периодот на анализа во реализација на студиските програми учествувале повеќе од 60 наставници, професорски и соработнички кадар, и преку 20 практичари.

Постојната структура на наставничкиот кадар овозможува квалитетна реализација на наставата на Факултетот за правни и политички науки на Американскиот Универзитет на Европа-ФОН. Наставничкиот кадар се карактеризира со соодветни образовни квалификации и професионално искуство кои придонесуваат за задоволување на потребите на наставно образовниот процес.

Во рамките на учебната 2019/2020 година, наставата на Факултетот за правни и политички науки ја реализирале 15 редовни професори (од кои двајца професор емеритус и еден редовен професор во својство навизитинг), 11 вонредни професори, 12 доценти, 5 асистенти, 2 виши лектори и 2 лектори.

Во рамките на учебната 2020/2021 година, наставата на Факултетот за правни и политички науки ја реализирале 15 редовни професори (од кои двајца професор емеритус и еден редовен професор во својство на визитинг), 6 вонредни професори и 10доценти (од кои еден визитинг), 4 асистенти, 2 виши лектори и 1 лектор.

Во рамките на учебната 2021/2022 година, наставата на Факултетот за правни и политички науки ја реализирале 19 редовни професори (од кои двајца професор емеритус и еден редовен професорво својство на визитинг), 6 вонредни професори и 3 доценти, 1 асистент и 2 виши лектори.

Во рамките на учебната 2022/2023 година,наставата на Факултетот за правни и политички науки ја реализирале 17 редовни професори (од кои тројца професори емеритус и еден редовен професорво својство навизитинг), 7 вонредни професори и 2 доценти, 2 виши лектории 2 демонстратори.

Во рамките на учебната 2023/2024 година, ,наставата на Факултетот за правни и политички науки ја реализирале 15 редовни професори (од кои тројца професори емеритус и еден редовен професор во својство на визитинг), 8 вонредни професори и 1 доцен,2 виши лектории 1 демонстратор.

---

Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии- Прилог 5.1.Б

| Прилози |
|---|
| 5.1.А.Биографии на ангажираниот наставен кадар и одлуки за избор во звање<br>5.1.Б Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии |

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан |

| | |
|---|---|
| студии односно научната област. | групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Универзитетот целосно за залага за студентите со посебни потреби и има повеќе проекти со помош на кои се олеснува начинот на студирање и дополнителни студентски активности. Проекти за студенти со посебни потреби:
-Проектот „Бесплатни веб ресурси за учење на лица со оштетен вид" со одржани работилници за активно учество и инклузија на студентите со посебни потреби.
- Одржани се обуки за дислексија за наставниот кадар за работа со млади со дислексија во образовниот процес. Предавач на оубката беше проф. д-р Љубица Кардалевска.
За студените со посебни потреби овозможен е непречен пристап за влез на универзитетот, лифт, место во предавална, електронски помагала.

**Прилози**

проект **„Бесплатни веб ресурси за учење на лица со оштетен вид"** (**линк**)
Список на простории со површина со кои располага високообразовната установа АУЕ - ФОН

| **Р.Б.** | **Вид и намена на простор** | **Број** | **Број на места** | **Површина m²** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Амфитеатри и предавални | 12 | 849 | 1155,4 |
| 2. | Лаборатории | 4 | 170 | 394 |
| 3. | Кабинети за вработениот наставниот кадар | 17 | 56 | 694,9 |
| 4. | Канцеларии и простории за ненаставен кадар | 5 | 13 | 201 |
| 5. | Простории за работа на органите и телата на високообразовната установа | 2 | 40 | 274 |
| 6. | Простории за работа на студентско собрание | 1 | 16 | 63 |
| 7. | Други заеднички и повеќенаменски простории: сали за состаноци, | 2 | 205 | 606,3 |
| 8. | Библиотека, читална | 1 | 25 | 132 |
| 9. | Хигиенски и санитарни јазли, | 6 | | 119,8 |
| 10. | Простории за прием на посетители, | 6 | | 645,4 |
| 11. | Ходници, магацини, остава, архиви, лифтови, скали и друго | | | 141,5 |
| 12. | | | | |
| | | | **Вкупно** | 4427,3 m² |

**Студенти со посебни потреби**

| | Услови | Опис (доколку не постои се остава празно или се нуди планирање ) |
|---|---|---|
| 1. | Непречен пристап до објектот | рампи за пристап до внатрешноста на објектот, за двата влеза во објектот (главен влез и влез од паркинг) |
| 2 | Лифт | лифт со капацитет за 10 лица, односно 800кг |
| 3 | Посебни места во училница | училниците имаат доволно простор за сместување на студентите корисници на инвалидска количка |
| 4 | Електронски помагала | организирана онлајн настава и консултации за студенти кои имаат ограничување за редовно присуство на настава;<br>софтвер со слободен пристап за аудио транскрибирање на електронска литература. |

Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност.

| **Ред.Бр.** | **Опрема и наставни средства** | **Вид** | **Намена** | **Број** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Табла | Наставно средство | настава | 16 |
| 2. | Клупа | Студентско | Настава | 600 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | место | | |
| 3. | Столче | Студентско место | Настава | 1200 |
| 4. | Ормар за складирање материјал | Помошна опрема | Настава | 16 |
| 5. | Полици за книги | Помошна опрема | Настава | 16 |
| 6. | Катедра за наставник | Помошна опрема | Настава | 16 |

Список на **Информатичко – технички ресурси** (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност

| Ред.Бр. | Информатичко – технички ресурси | Вид | Намена | Број |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Десктоп компјутер | ИКТ опрема | Настава | 64 |
| 2. | Интерактивна табла | ИКТ опрема | Настава | 5 |
| 3. | LCD проектор | ИКТ опрема | Настава | 48 |
| 4. | Мрежен приклучок | ИКТ опрема | Пристап до мрежа | 50 |
| 5. | WiFi приклучок | ИКТ опрема | Пристап до мрежа | ~ |
| 6. | Печатар | ИКТ опрема | Подготовка на материјали | 25 |
| 7. | Скенер | ИКТ опрема | Подготовка на материјали | 15 |
| 8. | Фотокопир | ИКТ опрема | Подготовка на материјали | 8 |
| 9. | Аудио опрема | ИКТ опрема | Настава/презентации | 2 |
| 10. | Мрежни уреди за складирање | ИКТ опрема | Складирање на податоци | 1 |
| 11. | Систем за далечинско учење | ИКТ опрема | Настава | ~ |

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

Со правилник за внатрешна организација и систематизација на работни места на АУЕ – ФОН се организираат работните места преку утврдување на називите, вкупниот број на работни мести, опис на работните задачи по работни места, условите потребни за вршење на работите, како и други прашања од значење на работењето на АУЕ-ФОН.

Со работата на помошните/административните служби и нивната организација целосно се овозможува внатрешно обезбедување на квалитет на услугите на АУЕ-ФОН имајќи во предвид флексибилните начини на учење и настава како и специфичните потреби на студентите, вклучувајќи ги и студените постари од 25 години, вработени и вонредни студенти.

Согласно правилникот стручните служби на Универзитетот опфаќаат:

- Правната служба;

- Служба за сметководство;
- IT администратор;
- Преведувачи;
- Служба за маркетинг;
- Библиотека;
- Студентска служба;
- Архива.

Службите на универзитетот со цел подобра, поефикасна и потранспаретна комуникација со студените остваруваат електронска комуникација на нивно барање преку службената електронска пошта но секако е овозможена телефонска комуникација и непосредна лична комуникација во просториите на универзитетот. За подобар проток на брзи, навремени и селектрирани информации за соодветен факултет направени се различни електронски групи со студенти во зависност од насоката на која студираат и која академска година се. На web страната на универзитетот постојано се објавуваат сите новости, тековни активности, соопштенија и распореди. Стручните служби внатрешно се распределени по факултети што го олеснува процесот за полесна комуникација со студените.
Исто така во случај на технички проблеми (проблеми со пристап на електронската платформа за учење, студентски e-mail, електронско пријавуање на испити и друго) студентите на АУЕ – ФОН имаат 24/7 контакт за помош на E-mail: support@fon.mk

Бројот на вработни во административните служби се движи во рамките на усвоениот Правилник за внатрешна организација и систематизација на работни места на АУЕ – ФОН согласно на него се вршат нови вработувања на работните места каде се јавува потреба. Моменталната состојба на вработени во овој дел целосно и квалитетно овозможува функционирање на институцијата.

Помошниот и административниот кадар имаат можност за професионален и личен развој во рамките на институцијата.

На институционално ниво овозможени се обуки за вработените од професионални и стручни области, но и обуки од меки вештини меѓу кои:

- Обука за вработените за ментално здравје ,, Brain fit your Work and Life,, предавач Дафина Крби од Лондон.

- Обука за работење на студенти со дислексија предавач проф.д-р Љубица Кардалевска

- Обуки за англиски јазик - академско пишување 6 месечен online курс за сите вработени на АУЕ – ФОН, спроведен од Miami University in Oxford

- обуки за архивари (администрација)

- обуки за прва помош и друго.

**Прилози**
6.3.А Збирен преглед на ненаставен/административен кадар по звање и работните места на високообразовната установа (факултет односно висока стручна школа)

6.3.Б Извештај на Ректорот за работа на универзитетот
Правилник за внатрешна организација и систематизација на работни места (линк)
Информации,новости, соопштенија, распореди (линк)

Е-сервиси (линк)

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Установата целосно го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. Проекти во кои се целосно вклучени и поттикнати студентите со нивно активно учество
**-Учество на младите во политичкиот живот во Република Северна Македонија** – студентски истражувачки проект. Активностите на проектот се реализираа во период од *октомври до декември 2022* година. Проектот вклучи анализа на нормативната рамна на младинското учество како и испитувањето на ставовите на младите преку анкетни прашалници. Спроведени беа вкупно 1175 анкетни прашалници. Целта на проектоот беше да се

истражи партиципативноста кај младите. Водени од актуелните истражувања кои укажуваат на голема апатија кај младите во државата и незаинтересираност за политичките случувања, преку анкетата, студентите настојуваа да се утврдат причините кои придонесуваат младите да немаат желба да го остварат своето активно и пасивно избирачко право, да не ги следат политичките случувања и да не учествуваат во облиците на граѓанска партиципација.
**-За Студенцките работи -** научно истражувачки проект „За студенцките работи“ каде станува збор за сеопфатно истражување на студентскиот стандард со цел да се прикаже вистинската слика за тоа како живее еден просечен студент во државата, направено во текот на академските 2022/23 и 2023/24 година од страна на студентите од Факултетот за правни и политики науки при Американскиот универзитет на Европа - ФОН. Воедно преку овој проектот, кој вклучи преку 1200 испитаници, Факултетот за правни и политички науки имаше за цел да ја подигне свеста на студентите за значењето на нивните права како во сегментот на образование, така и во сегментот на нивниот животен стандард. Напоредно со тоа, преку овој проект студентите имаа прилика практично да ги совладаат методите на научно – истражувачка работа, да се здобијат со вештини поврзани со реализација и примена на стандарди на научно истражувачката работа, како и да ги развијат комуникациските вештини, тимската работа и работата на терен“
**-Фабрика на знаење** - проектот Фабрика на знање во соработка со компании им овозможува на студентите практично да го покажат своето знаење преку извршување на точно определени задачи од областа на факултетот која ја изучуваат.
- Во рамките на универзитетот по факултети редовно се организираат гостински предавања од стручни лица во различни области, семинари и панел дискусии за актуелни општествени и образовни теми, учество на општествено одговорни и хуманитарни акции кои им овозможуваат на студеднтите од сите циклуси дополнителни знаења и можности за вклучување во различни проекти.

**Прилози**
**Едногодишна програма за работа на ФППН за 2022**
**Едногодишна програма за работа на ФППН 2023**
**Инфо од активностите (Линк) (линк)**

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | . Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во<br>последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во<br>последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на<br>поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години |

Еден од најкарактеристичните атрибути на Американскиот универзитет на Европа - ФОН е перманантната грижа за професионалниот развој и кариера на студентите и алумните. Спојувајќи го формалното со неформалното образование, а во соработка со јавниот и приватниот сектор во државата, Центарот за кариера и алумни при Американскиот универзитет на Европа-ФОН, секојдневно вложува во подобрување на личниот и професионален развој на студентите. Базиран врз институционализиран систем, Центарот за кариера и алумни, преку високо-квалитетни и ефективни туторски програми и обуки, студентите ги става во фокусот на вниманието се со цел остварување на мерливи резултати и стекнување на потребни компетенции за нивна конкурентска предност на пазарот на труд.

Дел од активностите кои ги спроведува Центарот за кариера и алумни при Американскиот универзитет на Европа-ФОН, се:

- кариерно советување и туторски програми;
- обуки и тренинзи;
- летни школи и конференции;
- соработка со компании и практична работа за студенти;
- препораки за вработување;
- стипендирање;
- градење и зацврстување на односите со алумните на АУЕ-ФОН;
- доживотно учење и

| | |
|---|---|
| · саем за кариера и алумни.<br>**Саемот за кариера и алумни** кој е во организација на Центарот за кариера и алумни, е место каде студентите се во дирекна комуникација со работодавачите и можност за обезбедување на релевантни информации во однос на планирањето на нивната идна кариерата и професионален развој. Саемот дава можност студентите да најдат работа, соодветна пракса, стажирање, да земат учество во проекти, семинари, обуки, истражувања, да бидат регистрирани и вмрежени во база на податоци на работодавачите. | |
| **Прилози**<br>6.5.А Регистрација на алумни (линк до веб) | |
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е<br>применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Центарот за кариера и алумни креира електронска База на податоци за студенти и База на податоци за алумни, наменети за студенти на универзитетот од сите факултети и студиски програми и циклуси и алумни (поранешни студенти), чии што податоци ги користи исклучиво за целите и активностите на Центарот. Регистрацијата во двете Бази се врши преку електронско пополнување на обрасци, достапни на (линк)<br>Во сите досегашни настани организирани од Центарот за кариера и алумни, во форма на кариерно советување предавачи беа професори од АУЕ-ФОН универзитет и професионалци од институции и организации од Република Северна Македонија. Склучување на Меморандуми за соработка помеѓу Американскиот универзитет на Европа – ФОН и институции од јавниот и приватниот сектор каде се работно ангажирани алумни.<br><br>Активната веб платформа на Центарот за кариера и алумни, каде можат да се најдат сите релевантни информации околу основањето, работата, активностите, како и Регистрацијата во двете Бази на податоци, е достапна на (линк) | |
| **Прилози**<br>6.6.А (линк)<br>6.6.Б Центарот за кариера и алумни (линк до веб) | |
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната<br>установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на<br>студенти од страна на установата (наведен со назив на активност,<br>временски период, буџет) за последните пет години |
| Прашањето за учеството на студентите во управувањето е регулирано во Статутот на Универзитетот ( член 223-231).<br><br>Студентите активно учествуваат во управувањето на установата Студентите на Факултетот за правни и политички науки – АУЕ-ФОН земаат активно учество во управувањето на Факултетот, односно преку свои претставници учествуваат во работата на Деканатската управа и Наставно-научниот совет на Факултетот. Во Деканатската управа членува Претседателот на Факултетското студентско собрание, додека во Наставно-научниот совет членува 1 претставник од Факултетското студентско собрание. Студентите имаат свои претставници и во повеќе факултетски комисии. Така, во Дисциплинската комисија 1 член и 1 заменик член се бираат од редот на студентите, во Комисијата за самоевалуација 2 членови се од редот на студентите, итн.. Претставниците на студентите во органите и телата на Факултетот ги избира Факултетското студентското собрание од редот на редовните студенти на Факултетот. Функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик Факултетското студентско собрание при Факултетот за правни и политички науки – АУЕ-ФОН е собрание на претставници на студентите од прв и втор циклус на студии. | |

Членовите и претседателот на Факултетското студентското собрание, се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право за уште еден избор. Факултетското студентско собрание покрај Претседателот се состои и од вкупно 5 членови, и тоа по 1 член од редот на студентите од сите факултети на АУЕ-ФОН универзитет. Универзитетското студенстко собрание се залага за заштита на правата на студентите, нивно застапување и овозможување на подобра врска меѓу студентите и факултетот. Начинот на работа, изборот на претставници и нивниот број, составот, надлежноста, називот и седиштето, органите и телата, Акт во кој е регулирано прашањето за учество на студентите во управувањето. - Статут на АУЕ-ФОН Универзитет (член 223-231).
АУЕ-ФОН универзитет ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите Во рамките на УСС се организираат повеќе интерни активности, во кои можат активно да учествуваат сите студенти. Универзитетското студентско собрание учествува во организација на повеќе хуманитарни акции. Универзитетот им овозможува поддршка на Универзитетското студентско собрание му отстапува просторија на користење - посебна канцеларија / простор од 63 м2 без надомест. Дополнително, за потребите на функционирањето на Собранието и реализација на предвидените активности, факултетот става на располагање на членовите на собранието и други факултетски простории (амфитеатри, предавални, аула, бифе, и сл.

**Прилози**
6.7.А Статут на Американскиот универзитет на Европа - ФОН: (линк до веб)
6.7.Б Вклучување на студентски претставник во Ректорска управа
6.7.В Вклучување на студентски претставник во Сенатот на АУЕ-ФОН
6.7.Г Вклучување на студентски претставници во органите и телата на Универзитетот и Факултетот.

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

Водени од потребите на новите генерации и начините на кои тие ги следат информациите Американскиот универзитет на Европа - ФОН има детална веб страна https://aue.mk/ на која се наоѓаат сите информации кои се од интерес за студентите и пошироката јавност (факултети, студиски програми, наставен кадар, правила на студирање и сл.)

Земајќи ги предвид навиките на новите генерации и начините на кои тие доаѓаат до информации Американскиот универзитет на Европа – ФОН, Скопје е активен на социјалните мрежи. Преку facebook и instagram профилот се врши промоција на факултетите, наставните програми и случувања и се комуницира со заинтересираните лица за студирање на некоја од студиските програми на универзитетот.

**Прилози**
Линк
6.8.А (линк)
6.8.Б (**линк**)
6.8.В (**линк**)

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање<br>Доказ дека системот е функционален. |

Факултетот за правни и политички во состав на Универзитетот редовно собира и анализира информации релевантни за реализација на студиските програми и активностите поврзани со студентите користејќи го електронскиот систем e-FON. Електронскиот систем е развиен од страна на Универзитетот со цел за прибирање, водење и користење на сите потребни податоци релевантни за студентите и студиските програми, како и увид на самите студенти во нивното студентско досие.Факултетот за правни и политички науки како дел од Универзитетот го користи овој систем, кој овозможува електронско прибирање, следење и анализа на податоци кои се однесуваат на број на запишани студенти, реализирани семестри, слушани и положени испити, постигнат успех на студентот, како и магистрирани студенти. Исто така Факултетот за правни и политички науки, како дел од Американскиот Универзитет на Европа- ФОН, во однос на бројот на запишан и допломирани студенти, на прв и втор циклус на студии, црпи информации и од матичната книга на запишани и дипломирани студенти на Универзитетот.
Истовремено, постои и друг електронски систем,портал, преку кој студентите можат да се информираат околу испитите, нивното полагање, пријавување, како и да вршат евиденција на успехот.

**Прилози**
7.1.А e-FON систем (линк)
7.1.Б Студентски портал (линк )

| | |
|---|---|
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на испишување  на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Факултетот исто така редовно прибира и анализира и други податоци кои смета дека му се потребни се релевантни за дејноста која ја обавува, како податоци активностите на наставниот кадар, библиотичниот фонд, издавање на учебници од страна на насравниот кадар, потпишани мамарандуми за соработка помеѓу Факултетот и инстуции каде студентите реализираат практичната настава, одржани настани, гостинцки предавања на стручни лица од пракса и друго | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |

Студентите се активно вклучени во прибирање на информации за квалитетот на наставата. Имено, анкетата за самоевалуација се спроведува за секој семестар и преку истата се прибираат информации кои се однесуваат на материјалите за учење, очекувањата и тежината на материјалот, квалитетот на наставата, достапноста на наставниот кадар и комуникацијата со кадарот. Резултатите од самоевалуацијата претставуваат индикатор за повеќе аспекти релевантни за студиските програми и нивниот квалитет.  И наставно-научниот кадар е активно вклучен во прибирање на информации, се прибираат податоци за наставната, научноистражувачката и апликативната дејност на секој од наставниците, а анализата на собраните податоци е интегирирана во годишниот, деканскиот извештај на работата на Факултетот. Добиените информации се користат за планирање на тековни и идни активности со цел подобрување на наставата и нааставните методи, подобрување на условите за студирање, вмрежување со странски партнери, подобрување на меѓународната соработка и слично.

**Прилози**
7.2.А e-FON систем (линк)
7.2.Б Студентски портал (линк )
7.2.В Алумни (линк)
7.2.Г Извештај за самоевалуација за период 2021-2024 (линк)

| | |
|---|---|
| 7.2.Д Извештај за самоевалуација за период 2018-2021 (линк)<br>7.2 Ѓ Линк до склучени меморандуми за соработка со други институции од земјава и од странство: ( **линк**) | |
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |
| Факултетот има регистар на податоци за битните настани, активности и процеси.<br>Факултетот за правни и Политички науки редовно информира за претстојни и реализирани настани кои се значајни за образовниот процес.<br>Факултетот редовно ги објавува сите информации поврзани созначајни настани и активности (извештаи за самоевалуација, одржување на конференции и работилници, најави за склучени соработки со домашни и меѓународни институции, објавување и презентација на резултати и наоди од истражувања и проекти, меѓународна мобилност на студенти и наставен кадар, годишни извештаи и др.)<br>За секој значаен настан, активност и процес, се поднесува извештај до Наставно-научниот совет. Потоа, сите извештаи се составен дел од годишниот извештај за работата на Деканот кој се поднесува на усвојување од стана на Наставно-научниот совет. Врз основа на собраните податоци, Деканот формира соодветни работни групи кои организираат настани. | |
| **Прилози**<br>7.3.А Извештај за самоевалуација за период 2021-2024 (линк)<br>7.3.Б Извештај за самоевалуација за период 2018-2021 (линк)<br>7.3.В Соопштенија(линк)<br>7.3.Г Новости (линк)<br>7.3.Д Активности на Факултетот за правни и политички науки (линк)<br>7.3.Ѓ Годишен извештај за работа на факултетот 2021-22 (линк)<br>7.3 Е Годишен извештај за работа на факултетот 2022-23 (линк)<br>7.3 Ж Годишен извештај за работа на факултетот 2023-24 (линк) | |
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |
| Факултетот за Правни и Политички науки, своето работење во однос на заштитата на личните податоци го врши во согласност со Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 42/2020, 294/21). Личните податоци на студентот се чуваат во нивните персонални досиеја и пристап до истите имаат само овластени лица. | |
| **Прилози**<br>Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 42/2020, 294/21), линк | |

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br><br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br><br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br><br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |

Факултетот за правни и политички при АУЕ-ФОН редовно ги информира своите студенти и широката јавноста за своите активности преку различни комуникациски канали. Универзитетските социјалните мрежи служат за брзо и ефикасно споделување на информации, додека официјалната веб страна на Универзитетот нуди детални информации за сите релевантни акти на установата, студентските програми и настани. Покрај дигиталните канали, факултетот подготвува и печатени материјали, како што се флаери и брошури, кои се дистрибуираат на стратешки локации или при директна средба со засегнатите страни.

Факултетот за правни и политички науки при АУЕ-ФОН за сите свои активности редовно известува преку следните линкови:

- Во делот 'новости' во рамките на веб страната на Универзитетот: (линкдо веб)
- Во делот 'медиумски објави' во рамките на веб страната на Универзитетот: (линкдо веб)
- LinkedIn: (линкдо веб)
- X: (линкдо веб)
- Facebook: (линкдо веб)
- Instagram: (линкдо веб)
- YouTube: (линкдо веб)

Исто така, Факултетот има повеќе Viber канали преку кои ги споделуваат потребните тековни информации во процесот на работа.

Извештај за учество или организација на саем/и;

Факултетот за правни и политички науки при АУЕ-ФОН редовно учествува на саеми за образование и кариера со цел промоција на своите студиски програми и можностите за студентите, како и за поттикнување соработка во високото образование. Информациите за овие активности се објавуваат на официјалната веб-страна на Универзитетот (линк; Прилог 8.1.А – 8.1.В)

Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата.

**Прилози**

8.1.А Извештај за организиран саем 2019 линк

8.1.Б Извештај за организиран саем 2024 линк

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. |

| | |
|---|---|
| информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

Во продолжение наведени се сите линкови до сите барани елементи во индикатори:

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) (линк до веб)и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи (линк до веб)
2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно:

- Линк до решение за акредитација правни студии прв циклус линк
- Линк до решение за почеток со работа, прв циклус правни студии линк
- Линк до решение за акредитација втор циклус стручни студии граѓанско право линк
- Линк до решение за почеток со работа втор циклус стручни студии граѓанско право линк
- Линк до решение за акредитација втор циклус стручни студии деловно право линк
- Линк до решение за почеток со работа втор циклус стручни студии деловно право линк
- Линк до решение за акредитација втор циклус стручни студии казнено право линк
- Линк до решение за почеток со работа втор циклус стручни студии казнено право линк
- Линк до решение за акредитација втор циклус магистерски студии граѓанско право линк
- Линк до решение за почеток со работа втор циклус магистерски студии граѓанско право линк
- Линк до решение за акредитација втор циклус магистерски студии деловно право линк
- Линк до решение за почеток со работа втор циклус магистерски студии деловно право линк
- Линк до решение за акредитација втор циклус магистерски студии казнено право линк
- Линк до решение за почеток со работа втор циклус магистерски студии казнено право линк
- Линк до решение за акредитација политички науки втор циклус специјалистички студии линк
- Линк до решение за почеток со работа политички науки втор циклус специјалистички студии линк
- Линк до решение за акредитација политички науки прв циклус (2022) линк
- Линк до решение за почеток со работа политички науки прв циклус линк
- Линк до решение за дополнување на акредитација: линк
- Линк до решение за почеток со работа, политички науки прв циклус: линк
- Линк до решение за почеток со работа, политички науки втор циклус линк
- Линк до решение за акредитација правни студии од 2014 линк
- Линк до решение за акредитација-последипломски академски студии двегодишни правни науки линк
- Линк до решение за акредитација –стручни правни студии-втор циклус еднogодишни студии линк
- Линк до решение за почеток со работа-правни студии 2017, линк
- Линк до решение за акредитација политички науки прв циклус 2017 линк
- Линк до решение за акредитација политички науки втор циклус 2017 линк
- Линк до решение за почеток со работа-политички студии 2017 линк

3. Актот за систематизација: ( линк до веб)

4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет (линк)

5. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот:

- проф. д-р Сејдефа Џавче : (линк до веб)
- проф. д-р Стефан Буџакоски: (**линк** до веб)
- проф. д-р Татијана Ашталкоска- Балоска: (**линк** до веб)
- проф. д-р Елена Тодорова: (**линк** до веб)
- проф д-р Александра Србиновска-Дончевски: (**линк** до веб)
- проф. д-р Зорица Силјановска: **линк** до веб)
- проф. д-р Гоце Галев: (**линк** до веб)
- вон.проф д-р Зинета Асану: (**линк** до веб)
- вон. проф. д-р Наташа Тодоровска: (**линк** до веб)
- вон. проф. д-р Јасмина Трајкоска-Наумоска**: (**линк до веб)

6. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година: (линк до веб)
7. Завршна сметка (Прилог 8.2.А – 8.2 Д)
8. Годишен извештај
9. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови

- https://aue.mk/files/bilteni/4-2024-2025-06.03.2025.pdf
- https://aue.mk/files/bilteni/3-2024-2025-27.02.2025.pdf
- https://aue.mk/files/bilteni/2-2023-2024-06.11.2023.pdf
- https://aue.mk/files/bilteni/5-2022-2023-15.09.2023.pdf
- https://aue.mk/files/bilteni/4-2022-2023-07.03.2023.pdf
- https://aue.mk/files/bilteni/3-2022-2023-12.01.2023.pdf
- https://aue.mk/files/bilteni/5-2022-2023-15.09.2023.pdf
- https://aue.mk/files/bilteni/4-2022-2023-07.03.2023.pdf
- https://aue.mk/files/bilteni/3-2022-2023-12.01.2023.pdf
- https://aue.mk/files/bilteni/2-2022-2023-07.12.2022.pdf
- https://aue.mk/files/bilteni/1-2022-2023-18.11.2022.pdf

10. Акти кои ги носи единицата согласно други закони Регулатива - AUE-FON и

11. Етичкиот кодекс (линк)

**Прилози**

8.2.А Завршна сметка 2020
8.2.Б Завршна сметка 2021
8.2.В Завршна сметка 2022
8.2.Г Завршна сметка 2023
8.2.Д Завршна сметка 2024
8.2.Ѓ Годишен извештај за работата на факултетот (Годишен извештај за работа на факултетот 2021-22 (линк)
Годишен извештај за работа на факултетот 2022-23 (линк)
Годишен извештај за работа на факултетот 2023-24 (линк))

| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |
| --- | --- |

Во моментот, високообразовната установа не нуди студиски програми од трет циклус, поради што нема објавени докторски дисертации. Сепак, клучните исходи од учењето и резултатите од научноистражувачката работа се редовно објавуваат на официјалната веб-страница на установата, со цел обезбедување транспарентност и достапност на релевантните информации.

**Прилози**

<table>
<tr><th>ИНДИКАТОР</th><th>ДОКУМЕНТАЦИЈА</th></tr>
<tr><td>9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена.</td><td>Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните 5 години во сите циклуси на студии (приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи и мобилност преку програмата Ерзамус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (последните 5 академски години, сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилност на студентите (акт/и или конкретни примери).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за правни и политички науки при АУЕ – ФОН има дефинирани и утврдени процедури за мобилност на студенти кои се објавени и достапни на веб страната на Факултетот. Центарот за кариера и Координаторот за меѓународна соработка и глобални иницијативи им обезбедуваат логистичка поддршка на студентите-апликанти за остварувањена академска мобилност.<br>Студентите и вработените на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ – ФОН имаат можност да реализираат мобилност во рамки на програмите Еразмус+. Факултетот за Правни и политички науки при АУЕ – ФОН преку Универзитетот има склучено повеќе Еразмус билатерални договори за мобилност на студенти и наставен кадар. (Прилог 9.1.А)<br>Додадената вредност од вмрежување и вклучување надворешна експертиза и референци во студиските програми во форма на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени како гостински предавачи се реализира преку воспоставени договори за соработка со други универзитети, компании како и останати релевантни институции. (линк до web:https://aue.mk/content.aspx?cid=125 ; https://aue.mk/content.aspx?cid=424)<br>Во последните 5 години во студиските програми како експерти и надворешни соработници, на покана предавања одржале повеќе гости предавачи и претставници на релевантни домашни и меѓународни институции. Линк до сите на https://aue.mk/content.aspx?cid=32</td></tr>
<tr><td colspan="2">9.1.А Листа на склучени Еразмус+ билатерални договори<br>9.1.Б Листи на студенти во рамки на програмата за мобилност во рамки на Еразмус+<br>9.1.В Линк до информации за меѓународна размена (линкдо веб)<br>9.1.Г Информации за меѓународна размена</td></tr>
<tr><td>9.2 Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализацијата. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализацијата во рамките на Универзитетот</td><td>Акт/политика на меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализацијата;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите од меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Меѓународната соработка претставува основа за вмрежување на Факултетот со цел поддршка во реализација на наставно-научни активности и мобилност на наставно-научниот кадар и на студентите. Оттаму, зајакнување на меѓународната соработка преку поголема интегрираност во Европскиот простор за високо образование и соработка со реномирани универзитети е еден од основните стратегиски правци на Универзитетот во чии рамки функционира и факултетот за Правни и Политички науки како интегрирана единка.<br>Реализирањето на овие активности и исполнувањето на индикаторите на полето на меѓународната соработка и интернационализација се следи редовно преку изготвување на Годишен извештај за меѓународна соработка и интернационализација од страна на координаторот за меѓународна соработка и иницијативи кој претставува интегрален дел од Годишниот извештај за работењето на Универзитетот (Прилог 9.2.А-9.2.Б).<br>Во рамките на Универзитетот постои координатор за меѓународна соработка и глобални иницијативи кој е надлеженза координирање и извршување на функциите од областа на меѓународна соработка и интернационализација на сите сите факултети во рамките Универзитетот како интегрирана правна целина. (Прилог 9.2.В; Прилог 9.2.Г)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>9.2.А Извештај за работа на Универзитетот 01.2022-12.2023</td></tr>
</table>

9.2.Б Извештај за работа на Универзитетот 01.2024-01.2025
9.2.В Одлука за координатор за меѓународната соработка и глобални иницијативи
9.2.Г Извештај за меѓународната соработка и глобални иницијативи

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународната соработка. За потребите на меѓународната соработка, установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународната соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Финансирањето на меѓународната соработка се врши главно од средствата добиени од проектни апликации за таа намена, како што се Еразмус + и други.

Прилози:
9.3. А Приказ на средства за финансирање на меѓународната соработка во извештајот за меѓународна соработка и глобални иницијативи

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки) а резултатите од истите се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Факултетот за правни и политички науки остварува плодна соработка со бројни институции во земјава и во странство во функција на развој и осовременување на студиските програми. За таа цел, во рамки на билатералната соработка на Факултетот, потпишани се повеќе договори и меморандуми за соработка со повеќе универзитети. (линк)
Дополнително, Факултетот за правни и политички науки постојано тежнее кон тоа да им овозможи на своите вработени активно вклучување во меѓународни активности и вмрежување (Прилог 9.4.А). Факултетот за правни и политички науки постојано ја проширува својата Еразмус+ мрежа со склучување на нови договори, како и дополнително обновување на веќепостоечките.(Прилог 9.4.Б)
Во изминатиот период се реализираа повеќе меѓународни настани и серија активности со цел промоција на факултетот и вмрежување на кадар во меѓународни рамки.

Прилози
9.4.А Листа на номиниран наставен кадар за мобилност
9.4.Б Листа на склучени Еразмус+ билатерални договори на ниво на Универзитет

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство.<br>Странски професори спорадично се вклучуваат во наставата, ангажирани како ментори, членови на комисии за оценка на трудови итн.<br>Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучиле во наставата (со информации за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програми на сите циклуси на студии. |

Факултетот за правни и политички науки при АУЕ-ФОН е вклучен во повеќе активности на полето на меѓународната соработка со цел вмрежување на наставно-научниот кадар и студентите и преивлекување на наставници и студенти од странство. Покрај ова, Еразмус вмреженоста овозможува и дополнително вклучување на странски професори кои во рамките на одредени програми доаѓаат во Скопје на работни состаноци во врска со проектни активности, а дел од кои држат предавања за студентите на факултетот и слично. Во извештајниот период дојдовна мобилност на факултетот преку Еразмус + програмите реализирале следните странски предавачи:

- Lars Melzer - Hochschule Mittweida, Faculty Industrial Engineering
- Sergo Velesce - Hochschule Mittweida, Faculty Industrial Engineering
- Julia Dobreva - Higher Institute of Insurance and Finance (VUZF)
- Evgeni Evgeniev - Higher Institute of Insurance and Finance (VUZF)
- Gergana Genova - Higher Institute of Insurance and Finance (VUZF)
- Evgeni Evgeniev - Higher Institute of Insurance and Finance (VUZF)
- Maryana Bazhdarova - Higher Institute of Insurance and Finance (VUZF)

| |
|---|
| - Momchil Grebenicharski - Higher Institute of Insurance and Finance (VUZF)<br><br>Наставниците кои оствариле дојдовна мобилност беа ангажирани како гостински предавачи по одделни студиски предмети и на тој начин беа вклучени во факултетската настава.<br>Информации за гостинските предавања на https://aue.mk/novosti.aspx |
| / |

## Изјава

Под полна материјална и кривична одговорност јас, Сејдефа Цафче со ЕМБГ [redacted], одговорно лице во високообразовната установа Факултет за правни и политички науки при Американскиот универзитет на Европа - ФОН изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа Факултет за правни и политички науки при Американскиот универзитет на Европа - ФОН за периодот учебна 2022/2023 и 2023/2024 се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

Сејдефа Цафче

(име и презиме)

(своерачен потпис)

**К о м и с и ј а**

**з а с а м о е в а л у ц и ј а**

проф. д-р Татијана Ашталкоска Балоска

проф.д-р Јасмина Трајкоска Наумоска

проф. д-р Александра Србиновска Дончевски

проф. д-р Гоце Галев

проф. д-р Сејдефа Џафче

студент Драгана Богоевска

студент Валерија Михајловска